# Обесштетувањето на жртвите на трговија со луѓе во Република Македонија

Овој проект е финансиран
од страна на Европската Унија

**Издавач:**
Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе-Отворена порта-Ла Страда/Македонија

**Автори:**
Јасминка Фришчиќ
Марија Гелевска
Стојан Михов

Скопје, октомври, 2014 година

Оваа публикација е подготвена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот Балкан Делувај Сега!( Balkans ACT Now!) .Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ,,Отворена Порта,, Ла Страда  и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската Унија“.

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | **Вовед** | **4** |
| **I.** | **Надомест на штета** | **6** |
| **II.** | **Судски постапки преку кои жртвите на трговија со луѓе може да го остварат правото на надомест на штета во РМ** | **14** |
| **III.** | **Обесштетување на жртвите на трговија со луѓе од страна на државата** | **30** |
| **IV.** | **Препораки** | **37** |
| | **Анекс - Преглед на компаративни законодавства за остварување на право на надомест на штета на земји членки на ЕУ** | **40** |

**ВОВЕД**

Прашањето на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ е прашање кое е од релативно понов датум и неговото актуелизирање се должи пред се на напорите кои ги презема Отворена порта - Ластрада Македонија за олеснет пристап и остварување на ова право во нашата земја. Оваа организација заедно со организациите кои работат на прашањето на трговија со луѓе во 14 европски земји членуваат во европската коалиција Compact чија основна цел е воведување и остварување на ова право.

Надоместот на штета е од суштествено значење за успешно реинтегрирање на жртвите и превенирање на оваа појава во нашата земја, па оттаму во рамки на проектот Balkans act now!, ја спроведовме оваа анализа која има за цел да ги утврди законските можности/услови за остварување на ова право на жртвите на трговија со луѓе во нашата земја и да даде препораки по однос на поефикасно и поекспедитивно остварување на ова право. Во таа насока ги анализиравме законските можности за остварување на ова право во граѓанска и кривична постапка, како и начинот на нивно остварување во сите фази на овие постапки. За жал наодите од оваа анализа по однос на остварувањето на ова право во судска постапка укажуваат на крајно неповолна положба на жртвата на трговија и нејзина изложеност на трошоци кои согласно на видот на ова право изискуваат добра материјална состојба на жртвата.

Имајќи предвид вообичаениот проблем на неможност за остварување на ова право, односно обесштетување од страна на обвинетиот, единствена или последна можност во насока на обесштетување на жртвите е секако државата. Во моментот овој начин на обесштетување е достапен само за малолетните жртви на трговија. И покрај ова, под знак прашање е функционалноста на оваа законски предвидена можност. За полнолетните жртви на трговија обесштетување од страна на државата ќе се одложи се до моментот на донесување на Закон за државен фонд. Со донесување на овој закон, РМ за првпат ќе воведе ваков фонд за обесштетување на жртвите на криминал, што дополнително може да го отежни и одолжи неговото воспоставување. Секако тука треба да се спомене и прашањето на обезбедување на финансиски средства како еден од клучните аспекти за негово непречено функционирање. Со желба да дадеме придонес кон претстојното донесување на законот (2013-2016 година, период предвиден во Националната стратегија и акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за донесување на овој закон) во оваа анализа дадовме осврт на начинот на обесштетување на жртвите со трговија во пет европски земји и врз основа на тоа дадовме препораки во однос на поедноставување на постапката за поднесување на барање до овој фонд и за исполнување на условите под кои жртвите на трговија ќе се обесштетуваат од истиот.
Подготвувајќи ја оваа анализа имавме на ум дека истата треба да послужи подеднакво на оние кои ова право сакаат да го остварат, како и на оние кои ова право треба да го

овозможат или пак даваат помош и поддршка во насока на олеснување на неговото остварување. Оттаму, таа содржи детални информации по однос на остварување на ова право и може да се искористи за повеќе намени (водич за жртвите на трговија, водич за ГО кои се занимаваат со овие прашања, законодавецот и др.). Но пред се, може да послужи на законодавецот во насока на донесување на Закон за државен фонд  кој ќе овозможи правична надомест на штетата настаната со трговија со луѓе.

## I. Надомест на штета...

Општо познато е дека потребите и тоа што жртвата-оштетениот на кривичното дело го

претпочита, е често запоставено во кривичната постапка[1]. Но, тоа отсекогаш не било така. Ресторативната правда некогаш била доминантен одговор на криминалот и како резултата на тоа обесштетувањето или надоместот на штета на жртвата од страна на сторителот претставувала основна санкција за повеќе дела по првобитниот период на одмазда и крвна одмазда. Нејзина основна цел било реституција или враќање на состојбите, онака како што биле пред да се случи кривичното дело. Подоцна, односно некаде во VI век се појавиле два вида на парични казни, една сторителот ја плаќал на жртвата на кривично дело како надомест за стореното и една која ја плаќал кон државата. Ваквиот вид на казна се задржал во текот на раниот среден век и подоцна кога владетелите/кралевите согледале дека овој вид на извор може да биде многу лукративен. Согледувајќи го ова тие одлучиле да го “истиснат оштетениот-жртвата од конкуренцијата за плаќање”[2]. Ова истиснување кое што се случило во XIV век предизвикала губење на интерес кај жртвата за гонење на сторителот, при што оваа функција ја презела државата. Со тоа правото на жртвата-оштетените на надомест на штета се пренело на државата и ваквиот начин на уредување се задржал се до втората половина на дваесеттиот век кога надоместот на штета повторно е пренесен на жртвата-оштетените како нејзино/нивно исклучиво право. Реафирмирањето на ова право на жртвата било особено зајакнато по Втората светска војна, односно со неговото регулирање со меѓународното право и можноста за негово остварување со помош на меѓународните механизми за заштита на човековите права.

**Надоместот на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ...**

Надоместот на штета е институт кој е уреден со материјалните одредби на законите кои ги уредуваат облигационите односи и казненото законодавство, додека пак начинот на неговото остварување е предмет на уредување на процесните одредби на парничната и кривичната постапка. Согласно на нив, ова право жртвите-оштетените имаат право да го предјават и побаруваат од оној кој ја предизвикал настанатата штета и оттаму, и обврската на сторителот за нејзино надоместување. Во случај таа да не може да биде обесштетена од страна на сторителот, тогаш последен извор за нејзино надоместување е државниот фонд за надомест на штета, кој во моментот е нефункционален (оваа можност во моментот е достапна само за малолетните жртви на трговија со луѓе).

**Обврски преземени со меѓународни и регионални документи за човекови права...**

Популаризирањето на правото на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ е секако и резултат на неговото уредување со меѓународните и регионални документи за човекови права.

Република Македонија има преземено обврски по однос на спроведувањето на основните меѓународни и регионални документи како што се Меѓународниот пакт за политички и

---

[1] Heather Strang and Lawrence W. Sherman, Repairing the Harm: Victims and restorative Justice, Utah Law Review 2003:15

[2] Владо Камбовски, Казнено право, општ дел, Скопје 2006 година, стр.677

граѓански права на ОН; Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права на ОН; Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН; Европската конвенција за заштита на човековите права и слободи на Советот на Европа и др. Потписници сме и на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)[3] но за жал таа сеуште не е ратификувана.

Покрај основните меѓународни и регионални документи за човекови права, РМ има преземено специфични обврски по однос на трговијата со луѓе и надоместот на штета на жртвите на трговија со луѓе потпишувајќи и ратификувајќи меѓународни и регионални документи чиј предмет на регулирање се токму овие прашања. Имено, РМ има обврска да ги спроведе меѓународно и регионално утврдените стандарди по наведените прашања согласно на следните документи за човекови права: Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ОН (Палермо конвенција), Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца (Палермо протокол за трговија)[4] и Протоколот против недозволено криумчарење на мигранти по копнен, виден или воздушен пат[5]; Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризмот[6] и Конвенцијата на Советот на Европа за мерки против трговијата со луѓе[7].

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ОН (Палермо конвенција) ја предвидува компензацијата и надоместот на штета како составен дел на помошта и заштитата на жртвите која треба да биде обезбедена од страна на секоја земја членка. Согласно член 25 на оваа конвенција"секоја држава членка ќе востанови соодветни процедури да обезбеди достапност до компензација и надомест на жртвите од казнени дела содржани во конвенцијата." Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца (Палермо протокол за трговија) во согласност со Палермо конвенцијата, прашањето на надомест на штета исто така го предвидува како составен дел на заштитата на жртвите со трговија и во член 6 став 6 предвидува "секоја држава членка ќе обезбеди нејзиниот домашен правен систем да содржи мерки со кои на жртвите на трговија со луѓе им се нуди можност да добијат надомест за претрпената штета." Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризмот пак во член 13 предвидува дека "државата земја потписничка ќе усвои мерки кои се неопходни за заштита и поддршка на жртвите на тероризмот, кој е сторен на нејзина територија. Овие мерки може да вклучуваат, финансиска помош и надомест за жртвите на тероризмот и членовите на нивното семејството преку соодветни национални механизми/постапки и во согласност

---

[3]Потпишана на 08.07.2011 година и не е сеуште ратификувана (извор:http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ChercheSig.asp?NT=210&CM=1&DF=&CL=ENG) достапна на http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/convention-violence/convention/Convention%20210%20Macedonian.pdf)

[4] Потпишани на 12.12.2000 година, а ратификувани на 12.01.2005 година.

[5] Потпишан на 12.12.2000 година, а ратификуван на 12.01.2005 година.

[6]Потпишана на 21.11.2006 година, ратификувана на 23.03.2010 година и стапена на сила на 01.07.2010 година (извор: http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/ChercheSig.asp?NT=196&CM=1&DF=&CL=ENG).

[7] Потпишана на 17.1..2005, ратификувана на 27.05.2009 и стапена на сила на 01.09.2009 година (извор: http://conventions.coe.int/Treaty/Commun/QueVoulezVous.asp?NT=197&CM=8&CL=ENG)

со националното законодавство".

За разлика од Палермо конвенцијата и протоколот, како и Конвенцијата на Советот на Европа за спречување на тероризмот кои начелно го пропишуваат ова право и ја обврзуваат земјата потписничка истото да го овозможи, Конвенцијата на Советот на Европа за мерки против трговијата со луѓе, остварувањето на ова право специфично го уредува во член 15 со кој предвидуваат "секоја земја членка треба да го предвиди и овозможи правото на надомест на штета од сторителот во своето законодавство и дека секоја земја членка треба да усвои законски и било каков друг вид на мерки со цел гарантирање на правото на надомест, како што е мерката за востановување на фондови за обесштетување или мерки и програми за социјална помош и реинтегрирање на жртвите кои можат да бидат финансирани од средства прибрани преку разни видови на мерки и санкции кои државата може да ги преземе во случаите на трговија (парични казни, конфискација на имот итн.)".

Вредно е да се спомене дека РМ ја нема потпишано и ратификувано Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилен криминал кој претставува меѓународен документ кој ги пропишува минимум стандардите за надомест на штета на жртвата од страна на државата.

Исто така, РМ ја нема ратификувано Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) која во однос на надоместот на штета на жртвите на насилство врз жените предвидува "соодветен надомест од страна на државата се доделува на оние кои претрпеле сериозни телесни повреди или нарушување на здравјето, до степен до кој штетата не е покриена од страна на други извори, како што се сторителот, осигурување или јавно здравствени и социјални установи".

Имајќи го ова предвид мораме да заклучиме и препорачаме РМ веднаш да пристапи кон нивно потпишување, односно ратификување на овие два регионални документи за човековите права, во насока на зајакнување на своите заложби за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе.

Од друга страна обврските кои произлегуваат од потпишување и ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија во 2004 подразбираат хармонизирање на домашното со законодавството на ЕУ. Хармонизацијата на полето на борба против трговијата со луѓе и особено хармонизирањето во однос на надоместот на штета подразбира усогласување со Директивата 2011/36/ЕЦ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите; Директивата 2004/80/ЕЦ која се однесува на надомест на жртвите на криминал и Директивата 2012/29/ЕУ која се однесува на утврдување минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал. Директивата 2011/36/ЕЦ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите во член 17 предвидува дека земјите членки треба да обезбедат на жртвите на трговија со луѓе пристап до постоечките механизми за надомест на штета за

жртвите на насилен криминал. Директивата 2004/80/ЕЦ која се однесува на надомест на жртвите на криминал во глава 2 предвидува дека правилата за пристап до надоместот во прекугранични ситуации утврдени со оваа Директива ќе се засноваат на националните механизмите за компензација на земјите-членки за насилни меѓународни кривични дела извршени на нивна територија. Во таа насока сите земји членки треба да овозможат постоење на национални механизми за надомест на штета кои овозможуваат праведен и соодветен надомест за жртвите на насилни меѓународни кривични дела. Директивата 2012/29/ЕУ која се однесува на утврдување минимум стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал пак во член 16 предвидува право на надомест на штета од сторителот во кривична постапка, при што земјите членки треба да обезбедат на жртвата на трговија со луѓе да и биде досудена штета во текот на кривичната постапка од страна на сторителот во разумно време (освен кога домашното законодавство на земјата членка не предвидува остварување на ова право во друга постапка). Наедно земја членка согласно на оваа директива треба да ги охрабрува сторителите да ја надоместат штетата настаната со извршување на кривичното дело. Извештајот на националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМ за 2013 година во делот за меѓународно-правен развој и пракса[8] наведува дека во текот на 2013 година Секторот за ЕУ и меѓународна соработка на Министерството за внатрешни работи изготвил длабинска техничка анализа по однос на прашањето на трговија со луѓе, при што посебно внимание обрнал на одредбите на Директивата 2011/36/ЕУ. Како резултат на оваа анализа донесени се заклучоци по однос на унапредување на информатичкото поврзување на надлежните институции со воспоставување на база на податоци за жртвите на трговија со луѓе и база на податоци за сторителите; утврдена е потребата од изготвување на дополнителна анализа со цел разгледување на можностите за пропишување на кривичното дело и вклучување на нови видови на трговија и зголемување на казните согласно на предметната Директива.

Вредно е да се спомене дека постојат и останатите меѓународни регионални документи за човекови права кои не се обврзувачки, а содржат одредби кои се значајни за остварување на правото на надомест на штета, како што се: Декларација на ОН за основните принципи на правда за жртви на криминал и злоупотреба на положбата (1985)[9]; Декларација на ОН за основните принципи на правото на правен лек и репарација за жртвите од брутално прекршувања на меѓународното право за човекови права и сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право (2005)[10] и Препорака на Советот на Европа за помош на жртви на криминал (2006)8[11].

**Состојби по однос на остварувањето на правото на надомест на штета во РМ...**

---

[8] стр. 4.

[9] Достапна на http://www.un.org/documents/ga/res/40/a40r034.htm, точки 12 и 13 го уредуваат надоместот на штета.

[10] Достапна на http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/RemedyAndReparation.aspx, глава 9 се однесува на надоместот на штета.

[11] Достапна на https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1011109&, член 8 го уредува прашањето на надомест на штета.

Наодите на Отворена порта/Ластрада Македонија укажуваат на податокот дека и покрај уреденоста на ова прашање со домашното законодавство и напорите кои РМ ги преземала во повеќе наврати[12] во насока на унапредување и усогласување на истото со меѓународно утврдените стандарди, жртвите на трговија со луѓе сеуште неможат да го остварат ова право во РМ непречено. Имено, мал е бројот на случаи во кои е досудено барања за надомест на штета, но, уште помал е бројот на случаи во кои жртвите на трговија со луѓе се обесштетени. Според податоците презентирани во Годишниот извештај на националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМ за 2013 (февруари 2014 година), Отворена порта во соработка со МТСП застапувала 6 жртви на трговија и во текот на 2013 година донесени се 4 правосилни пресуди (од кои 3 во втор степен и една првостепена пресуда) при што се досудени 4 барања за надомест на штета во износ од по 400.000 МКД (приближно 6.500 ЕУР) за секоја од жртвите, односно вкупно 1.600.000 МКД (приближно 26.000 ЕУР).

Покрај погоре наведените оскудни податоци за остварување на правото на надомест на штета на национално, за остварувањето на ова право говорат и извештаите на меѓународните тел/механизми кои имаа за задача да го следат спроведувањето на меѓународно/регионално утврдените стандарди за човекови права по однос на ова прашање. Па така, во извештајот на GRETA – група на експерти за борба против трговија со луѓе која има за задача да го следи спроведувањето на Европската конвенција за борба против трговија со луѓе во својот прв извештај за евалуација[13] по однос на ова прашање наведено е дека во РМ има случаи во кои е досуден надомест на штета и дека таа изнесува 400.000 МКД или приближно 7.000 ЕУР. Но и покрај досудените надомести тие не можеле да се извршат поради тоа што сторителот немал имот. Исто така во извештајот е наведено дека имало случаи во кои судијата одбил да го прифати предлогот за надомест на штета поради тоа што лицето-жртвата која барала надомест е само “претпоставена жртва” се додека обвинетиот не е осуден за виновен. Граѓанската постапка пак за надомест на штета е опишана како скапа и дополнително присуството на сторителот во текот на постапката е задолжително. Можноста за надомест на штета од државниот фонд исто така е опишана при што не наведено дека македонските власти се во процес на разгледување на

[12] Од воведувањето на кривичното дело за трговија со луѓе во 2002 година, РМ во повеќе наврати изврши дополнување и менување на законодавството како што е во 2004 година со инкриминирање на криумчарењето на мигранти и организирање на група и поттикнување на извршување на дела трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Во 2008 година се зголемија кривичните санкции за овие кривични дела и се воведе одделно кривично дело за санкционирање на трговијата со малолетни лица. Во 2009 година повторно се зголемија кривичните санкции и унапредија повеќе други прашања (правото на идентификација на жртвите од обучени лица, правото на период на прилагодување во траење од минимум 30 дена, правото на сместување, вработување, едукација и здравствена заштита и правото на привремен и постојан престој) како резултат на усогласување на законодавството со ратификување на Европската конвенција за борба против трговија со луѓе од страна на РМ во април истата година. Во 2011 воведено е ново кривично дело-Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската унија и на Шенгенскиот договор. Во 2014 година измените се однесуваат на ставовите 1 на кривичните дела Трговија со луѓе и Трговија со дете при што истите се доуредени, односно изменета е терминологијата и додадени се нови форми на трговија со луѓе во однос на основното дело за трговија со луѓе, додека кај кривичното дело Трговија со дете (наместо малолетно лице) став 1 во кој се дефинира основното дело е потполно преформулирана во насока на детално пишување на дејствијата и елементите на ова кривично дело.

[13] усвоен на 21 март, 2014 година и публикуван на 17 јуни, 2014 година.

можностите за воспоставување на овој фонд. Како еден од проблемите за остварување на правото на надомест е наведена нефункционалноста на Законот за бесплатна правна помош кој би требало да овозможи жртвите на трговија со луѓе да остварат право на советник при предјавување на правото на надомест на штета согласно на Законот за кривична постапка. Поради ова жртвите на трговија биле поддржани од страна на Отворена порта преку ангажирање на адвокат кој им помогнал при остварување на ова право. Базирано на овие наводи GRETA ги повикува македонските власти да преземат мерки со кои ќе овозможат непречено остварување на правото на надомест на штета, меѓу кои: да обезбеди систематско информирање на жртвите на трговија со луѓе на јазик што тие можат да го разберат за правото да бараат надомест на штета и следењето на постапката за досудување на истиот; да им овозможи на жртвите на трговијата со луѓе да го остварат правото на надомест на штета преку обезбедување ефективен пристап до правна помош; и градење на капацитетите на правните практичари со цел поддршка на жртвите при предјавување на надоместот преку постоечките програми за обука за надлежните институции и органи за спроведување на законот и судството. На крајот оваа група на експерти ги повикува македонските власти да воспостават државен фонд за обесштетување, особено земајќи предвид дека во ниту еден случај на досуден надомест на жртвите тие не се обесштетени.

Остварувањето на ова право е секако и предмет на разгледување на Стејт департментот на САД кој секоја година врши рангирање на земјите во светот по однос на нивните напори за борба против трговија со луѓе. Состојбите по ова прашање во РМ се предмет на разгледување од 2001 година (вкупно 14 години) при што пет години сме биле оценети со ТИЕР[14]2 и тоа во 2001, 2005, 2006, 2007 и 2010 година. ТИЕР 2 е ниво на оценување за земји кои целосно не ги исполнуваат минимум стандардите за елиминирање на трговијата со луѓе предвидени со Актот за заштита на жртвите на трговија со луѓе- TVPA, но прават значителни напори за усогласување. Останатите години РМ добила оценка ТИЕР 1 која означува дека нашата земја во целост ги исполнува минимум стандардите за елиминирање на трговијата со луѓе. Само извештаите за 2013[15] и 2014[16] година го адресираат надоместот на штета со само една реченица, при што ги опишуваат состојбите по однос на надоместот на штета на идентичен начин и за двете наведени години, односно дека жртвите на трговија со луѓе можат да предјават оштетено побарување во граѓанска постапка, но дека поради нејзината сложеност ниту една жртва не успеала успешно да ја заврши оваа постапка (да и

[14] **Ниво 1** - Земји чии влади целосно постапуваат во согласност со Актот за заштита на жртвите на трговија со луѓе (TVPA). **Ниво 2** - Земји чии влади целосно не ги исполнуваат минимум стандарди на TVPA, но се прават значителни напори за усогласување со овие стандарди. **Ниво 2- листа за мониторинг** - Земји чии влади целосно не ги исполнуваат минимум стандардите на TVPA, но прават значителни напори за усогласување со наведените стандарди и: апсолутниот број на жртви на тешки форми на трговија е значајна или е значително зголемен; постои неуспех да се обезбедат докази за зголемување на напорите за борба против тешките форми на трговија со луѓе од претходната година; или определбата дека една земја прави големи напори да се усогласи со минимум стандардите се базира на преземените обврски од страна на државата да преземе дополнителни чекори во текот на следната година. **Ниво 3** - Земји чии влади целосно не ги исполнуваат минимум стандардите и не вложуваат значајни напори да го сторат тоа.

[15] стр. 244.

[16] стр. 255.

биде досудено надомест на штета).

Ваквите состојби според Отворена порта - Ла страда Македонија[17] по однос на остварувањето на ова право се должат на повеќе фактори меѓу кои: прашањето на обесштетување на жртвите на трговија со луѓе не преставува клучен елемент за поддршка и помош на жртвите од трговија со луѓе, ниту пак преставува клучен елемент на политиките и мерките за трговија со луѓе; незапознаеност на жртвите за можноста на предјавување на барањето за надомест на штета; одредени законски (материјални и процесни) одредби кои го отежнуваат досудувањето на штета во судска постапка; неможност за извршување на досудените надомести пред сè е во делот на нерегулирани имотни односи, односно непостоење на имот на име на обвинетиот, или неспроведен имот на име на обвинетиот, поседување на нелегално изградени објекти, кои не се заведени во соодветни катастарски книги; непостоење на можност за надомест на штета од страна на државата за полнолетните жртви на трговија со луѓе; невоспоставеност на механизми за надомест на штета од страна на државата и др.

[17] Право на компензација за жртвите од трговија со луѓе во Република Македонија, Јасмина Димишковска Рајковска и останати автори, 2011 и Trafficking in Human Beings in FYR of Macedonia, Situation Analysis conducted by the Open gate –La Strada Macedonia, The Balkans Act Now

## II. Судски постапки преку кои жртвите на трговија со луѓе може да го остварат правото на надомест на штета во РМ...

Имотноправното барање на жртвата, која во постапката се јавува како жртва на трговија со луѓе, започнува со поднесување на тужба за надомест на штета, до надлежен суд во граѓанска постапка или предлог за имотноправното барање во кривична постапка. Овластени лица за поднесување на тужбата или предлогот за имотноправното барање се: жртвата доколку е полнолетна и полномошникот на жртвата ако е малолетна (нејзините родители или старатели). Во граѓанската постапка, барањето за надомест на штета се поведува со поднесување на тужба до стварно и месно надлежен суд, а додека барањето за надомест на штета во кривичната постапка започнува со изјаснување на жртвата на трговија со луѓе дали ќе бара надомест за материјална и нематеријална штета. Изјаснувањето во кривична постапка може да се даде уште во текот на истражната постапка, пред отпочнување на главната расправа, во текот на главната расправа, заклучно со завршување на главната расправа.

Законската регулатива на Република Македонија предвидува надомест на два вида на штета: материјална и нематеријална.

*Материјалната штета ги* претставува сите трошоци направени по повод здравствената заштита на жртвата на трговија со луѓе, транспортни трошоци, како и оштетување на подвижни предмети во сопственост на жртвата како и изгубената заработувачка (доколку жртвата на трговија со луѓе била во работен однос или остварувала приходи од друга дејност, истата претрпува материјална штета во однос на платата што требала да ја зема на своето работно место или пак ги губи приходите од другата дејност).

*Нематеријалната штета* опфаќа имотно правно барање за претрпени физички болки, душевни болки, страв, тежок инвалидитет, и справедлив паричен надомест за идна нематеријална штета. Во однос на последната категорија, односно справедливиот паричен надоместот за идна нематеријална штета, најчесто жртвите на трговија со луѓе се здобиваат со повеќе повреди при што може да биде намалена нивната животна активност (на пример истата  во времето на извршување на кривичното дело од страна на обвинетиот/тите, се

здобие со траен инвалидитет-ампутирање на нога, на дел од тело, око, и сл.). Во таков случај жртвата на трговија со луѓе може да бара справедлив паричен надомест за идна нематеријална штета која судот може да ја досуди како рента или вкупен паричен износ. Досудување на ваквиот надомест како рента значи дека судот го задолжува обвинетиот на жртвата со трговија со луѓе секој месец додека таа е жива да и плаќа одредена сума на пари на име на праведен паричен надомест за идна нематеријална штета или пак судот може да го задолжи обвинетиот целосниот износ на паричниот надомест за идна нематеријална штета да го исплати веднаш. Праксата покажува дека жртвата на трговија со луѓе најчесто бара судот да го задолжи обвинетиот справедливиот паричен надомест обвинетиот да го плати одеднаш бидејќи жртвата на трговија со луѓе не е сигурна дали обвинетиот во иднина ќе плаќа уреден справедлив паричен надомест и колку време истиот ќе биде жив, односно дали ќе биде во можност да го прави тоа.

Барањето за материјална и нематеријална штета може да се оствари во граѓанска и кривична постапка.

Имотноправното барање жртвата може да го оствари во две постапки: граѓанска и кривична постапка.

***а) Граѓанска постапка***

Надоместот на материјална и нематеријална штета во граѓанска постапка жртвата на трговија со луѓе може да го оствари со поднесување на тужба за надомест на материјална и нематеријална штета до стварно и месно надлежен суд. За судење за надомест на штета на жртви на трговија со луѓе општо месно надлежен е судот на чие подрачје тужениот има живеалиште. Ако тужениот нема живеалиште во Република Македонија, општо месно надлежен е судот на чие подрачје тужениот има престојувалиште. Ако тужениот покрај живеалиштето има и престојувалиште во некое друго место, а според околностите може да се претпостави дека таму ќе престојува подолго време, општо месно надлежен е и судот на престојувалиштето на тужениот. За судење на спорови за надомест на материјална и нематеријална штета, покрај судот од општа месна надлежност, надлежен е и судот на чие подрачје е извршено штетното дејствие или судот на чие подрачје настапила штетната последица.

Ако тужениот е државјанин на РМ, а по извршување на кривично дело од областа на трговија со луѓе побегнал надвор од територијата на РМ, а не е познато неговото престојувалиште надвор од територијата на РМ, судот на тужениот ќе му постави привремен застапник од редот на адвокатите и овој привремен застапник ги има сите права како тужениот или неговиот полномошник. Ако тужениот (обвинетиот) не е државјанин на РМ, ниту пак има престојувалиште во РМ (странски државјанин изврши кривично дело од областа на трговија со луѓе и ја напушти РМ) законски одредби за месна надлежност на судот нема. Во вакви случаи сметаме дека стварно и месно надлежен суд за постапување по тужба на жртвата на трговија со луѓе, за надомест на материјална и нематеријална штета, треба да биде судот од општа надлежност спрема местото на сторување на кривичното

дело, а досуденото имотноправно барање на жртвата на трговија со луѓе треба да се исплати од државниот фонд.

Тужбата за надомест на материјална и нематеријална штета може да биде поднесена лично од жртвата на трговија со луѓе или преку полномошник. Полномошникот може да биде адвокат и роднина по крв во права линија, брат, сестра или брачен другар доколку е потполно деловно способен.

Тужбата треба да содржи определено барање во поглед на главната работа и на споредните барања, факти врз кои тужителот го заснова барањето, докази со кои се утврдуваат овие факти, како и други податоци што мора да ги има секој поднесок. Тужбата за надомест на штета треба да ги содржи следните елементи : судот до кој се поднесува тужбата (на пример: до Основен суд Ск.2 Скопје); име и презиме на тужителот; улица и број на живеење и престојување (тужител: МБ ул. Васил Главинов бр.6 Скопје); матичен број на тужителот; име и презиме на тужениот со улица и број на место на живеење и престојување, со тоа што во тужбата не мора да биде наведен матичниот број на тужениот, поткрепено со докази за лична идентификација; основ на штетата (материјална и нематеријална); вкупна висина на штетата што се бара материјална и нематеријална; опис на настанот од кој потекнува материјалната и нематеријалната штета (на пример: Во почетокот на месец јануари 2010 од тужителот под изговор дека ќе ме вработи како танчерка во Р. Македонија, откако пристигнав во РМ, наместо ветеното станав жртва на трговија со луѓе при што бев принудена секојдневно два до три пати против мојата волја да давам сексуални услуги и од ваквите услуги претрпев материјална и нематеријална штета - се наведува материјална штета по основ и висина и нематеријалната штета по основ и висина); докази врз кои се засновува барањето за надоместок на штета (увид во вештачење од невролог, увид во вештачење од невропсихијатар, увид во вештачење од ортопед-хирург, распит на странките во својство на свидетели, распит на свидетели, увид во медицинска документација и слично); предлог стварно и месно надлежниот суд да одржи главна расправа и по изведување на доказите тужбеното барање на тужителот во целост да го усвои; трошоците да ги сноси тужениот; и потпис на тужителот. Тужбата треба да се поднесе до судот во доволен број на примероци (еден за судот, по еден за тужениот или тужителите) и доказ за платена судска такса.

Ако имотноправното побарување не се однесува на надомест на материјална и нематеријална штета, односно на парично побарување (се однесува на поништување на правна работа), жртвата на трговија со луѓе мора да ја наведе вредноста во барањето. Ако вредноста на барањето во тужбата е наведена дека е под 600.001 МКД (на пример, ако жртвата била приморана да го продаде својот стан истата може да бара поништување на оваа правна работа), сето тоа значи дека за имотноправното побарување ќе расправат првостепениот и второстепениот суд без жртвата да има право да поднесе ревизија доколку не е задоволна од првостепената и второстепената одлука во однос на досуденото имотноправно побарување.

По приемот на тужбата, судот е должен да изврши подготовки за главна расправа. Подготовката за главна расправа се состои од четири фази и тоа: претходно испитување на тужбата; доставување на тужбата до тужениот на одговор; одржување на подготвително рочиште; и закажување главна расправа.

При претходното испитување на тужбата, судот ќе донесе решение со кое се отфрла тужбата ако утврди дека истата не ги содржи сите потребни елементи или дека тужбата е поднесена ненавремено (тужбата за надомест на материјална и нематеријална штета се поднесува во рок од 3 години од настанување на штетата). Доколку тужбата не ги содржи претходно наведените елементи, судот ќе побара од жртвата истата да ја уреди во рок од 8 дена по приемот на известието на судот и ако во рок од 8 дена даден од судот жртвата не постапи по известието, судот со решение ќе ја отфрли тужбата како неуредна. Против ваквото решение жртвата има право на жалба до повисокиот суд. Одлуката на Апелациониот суд е конечна.

Доколку жртвата не ја платила таксата по тужба во рок од 5 дена по поднесување по тужбата, судот со решение ќе ја отфрли тужбата поради неплатена судска такса. Против ова решение жртвата исто така има право на жалба до Апелационен суд и одлуката на овој суд е конечна. Жртвата има право со поднесување на тужбата да поднесе и предлог за ослободување од плаќање на такса по тужба, со тоа што истата е должна да поднесе докази дека нема парични средства да ја плати таксата по тужба ( потврда од Агенцијата за вработување на РМ дека е невработена; потврда од ЦСР дека е примател на социјална помош; потврда од Управа за јавни приходи дека не остварува приходи). Во ваков случај судот донесува решение со кое го уважува или одбива барањето на жртвата. Против ова решение жртвата има право на жалба до Апелациониот суд во рок од 8 дена по приемот на решението.

Доколку жртвата на трговија со луѓе е странски државјанин, покрај тоа што е должна да ја плати таксата по тужба по барање на тужениот, судот може да донесе решение со кое ќе ја задолжи да депонира одреден паричен износ на име трошоци по постапка, во случај жртвата на трговија со луѓе да го изгуби спорот за надомест на материјална и нематеријална штета. На ваквата одлука жртвата која не е државјанин има право на жалба во рок на 8 дена до Апелационен суд. Одлуката на овој суд е конечна. Доколку жртвата во дадениот законски рок не го депонира износот на наведената сметка од страна на судот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата поради недепонирани средства на име трошоци за постапка.

Судот е должен во рок од 8 дена по приемот на тужбата или по извршеното прецизирање исто така во рок од 8 дена, со доставница да ја достави тужбата до тужениот/те, со тоа што со тужбата до тужениот се праќа и покана за давање на одговор на тужба. Во поканата за одговор на тужбата, тужениот/те се предупредуваат за сите свои права и должности и

правните последици доколку не ги оствари своите права и должности[18]. Тужениот одговорот на тужбата треба да го даде во рокот што ќе го определи судот кој не може да биде пократок од 15 дена ниту подолг од 30 дена од денот на прием на тужбата.

По приемот на одговорот на тужбата или по истекот на рокот за поднесување на одговор на тужба, судот најдоцна во рок од 8 дена ќе закаже подготвително рочиште, а истото ќе го одржи најдоцна во рок од 50 дена сметано од денот на закажувањето.

Странките се должни на подготвителното рочиште да ги изнесат сите факти и докази врз кои ги засноват своите наводи, како и да ги достават исправите и предметите кои имаат намера да ги употребат како докази (извршено вештачење од невролог, невропсихијатар, ортопед, хирург и други вештачења и медицинска документација) во постапката. Доколку тужителот - жртвата нема приложено одреден доказ кон тужбата бидејќи не била во можност да го прибави до поднесување на тужбата и до денот на одржување на подготвителното рочиште (не успеала да го добие нарачаното вештачење од вештото лице), истата на подготвителното рочиште треба да истакне дека на главната расправа ќе бара да се изведе како доказ наод и мислење на вешто лице во однос на основот и висината на нематеријална штета за претрпен страв или пак ако истата направила обиди да добие такво вештачење со ангажирање на вешто лице, во тој случај ќе истакне пред судот дека на главната расправа ќе бара да се изведе и таков доказ со тоа што во вакви случаи по наредба на судот се врши вештачење, а странката –жртвата ги плаќа трошоците. Доколку жртвата на подготвителното рочиште не постапи на овој начин, истата нема право да бара да биде изведен таков доказ на главната расправа.

На подготвителното рочиште, тужениот и жртвата на трговија со луѓе имаат законска можност да постигнат судско порамнување. Доколку се постигне судско порамнување помеѓу тужениот и тужителот, односно жртвата на трговија со луѓе, судот го изготвува судско порамнување во кое е содржано видот и висината на штетата. Судското порамнување претставува извршен наслов - исправа, што значи доколку тужениот односно во конкретниот случај обвинетиот не постапи по судското порамнување, тогаш следи постапка за присилно извршување за наплата на досудената материјална и нематеријална штета.

Ако на подготвителното рочиште помеѓу тужениот – обвинетиот и жртвата односно тужителот, не се постигне судско порамнување, судот закажува главна расправа во законски предвидениот рок (кој не може да биде пократок од 8 дена ниту подолг од 60 дена, а во сложени предмети најмногу до 90 дена, сметано од денот на одржаното подготвително

---

[18] на пример: тужителот ако го промени местото на престојување веднаш треба да го извести судот, во спротивно судот може да донесе пресуда и во отсуство на тужениот; правото на тужениот да ангажира свој полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во текот на постапката; правото на тужениот во одговорот на тужбата да ги побива наводите на тужбата и да предложи докази врз основа на кои го заснова своето побивање; правните последици во случај на нејавување на тужениот на подготвителното рочиште; недавање на одговор на тужбата може да сноси последици на донесување на пресуда со која ќе се уважи тужбеното барање на жртвата како резултат на недаден одговор на тужба од страна на тужениот/те.

рочиште) со тоа што судот во записникот за главната расправа дава наредба за тоа кои свидетели и вешти лица за идната главна расправа треба да бидат поканети и распитани и наведува дека на главната расправа ќе бидат изведени писмените докази наведени во тужбата и одговорот на тужбата кои биле доставени до судот, а судот ги доставил до спротивната странка.

Судот ќе ги предупреди странките за последиците од изостанок на главната расправа. Ако на првото рочиште за главната расправа, како и на некое подоцнежно рочиште не дојде тужителот кој уредно е поканет а изостанокот не го оправдал, тужбата се смета за повлечена. Ако на првото рочиште за главна расправа не дојде тужениот, а изостанокот не го оправдал и нема услови за донесување на пресуда поради изостанок, како и кога на некое подоцнежно рочиште изостане тужениот, расправата може да се одржи.

Главната расправа претставува централна, главна фаза на парнична постапка, бидејќи на неа, врз основа на усно, непосредно и јавно расправање, судот одлучува за тужбеното барање. Претседателот на советот, односно судијата поединец ја отвора главната расправа и го објавува предметот на расправањето. По отворањето на главната расправа, претседателот на советот, односно судијата поединец ги повикува сите повикани лица на неа, да влезат во салата за судење и го објавува предметот на расправањето. Тоа објавување се состои во тоа што на присутните им се соопштува накратко она за што ќе се расправа на тоа рочиште, со наведување на имињата на странките, односно на нивните законски застапници. На странките треба да им бидат соопштени и имињата на членовите на советот, за евентуално да може да се бара нивно изземање ако постојат причини за тоа.

Во записникот потоа се констатира дали сите повикани лица дошле, а за оние што не дошле се забележува дали се уредно поканети. Ова е од значење заради последиците што можат да настанат за странките[19].

Во текот на главната расправа се расправа за предлозите и фактичките наводи на странките (со кои странките ги образложуваат своите предлози, односно ги побиваат предлозите на противникот), како и за доказите понудени од нивна страна (ќе се изведат доказите и ќе се претресуваат резултатите од нивното изведување). Странките можат да ги изнесуваат и своите правни сфаќања што се однесуваат на предметот на спорот. Претседателот на советот, односно судијата поединец, внимава во текот на главната расправа да се изведат сите прифатени докази (докази кои судот ги прифатил на подготвителното рочиште). Тие со поставување на прашања и на друг целесообразен начин се грижат во текот на расправата да се изнесат сите решавачки/одлучувачки факти (преку недозволување да се поставуваат прашања неважни за случајот и прашања кои ја одолговлекуваат постапката); да се дополнат нецелосните наводи на странките за важни факти; да се означат или дополнат доказните средства што се однесуваат на наводите на странките; и воопшто да се разјаснат сите факти потребни за да се утврди фактичката состојба важна за донесување на одлуката.

---

[19] тужбата да се смета за повлечена, донесување пресуда поради изостанок, приведување, казнување на сведоците, надомест на трошоците и слично.

Странките можат да изведуваат нови факти и да предлагаат нови докази како и да упатуваат поднесоци во кои ќе наведат нови факти и нови докази на првото или на кое било од наредните рочишта на главната расправа, само ако сторат веројатно дека без своја вина не биле во можност да ги изнесат, односно да ги предложат во дотогашниот тек на постапката.

Изведувањето на доказите го определува советот односно судијата поединец со решение. Против решението со кое се дозволува или одбива изведувањето на доказите, не е дозволена посебна жалба.

Потоа се сослушуваат сведоците, вештаците или странките (во случај кога странките предложиле да бидат распитани во својство на сведоци). Кога претседателот на советот ќе заврши со сослушувањето на сведоците, вештаците или странките, членовите на советот можат на овие лица непосредно да им поставуваат прашања. Странките и нивните законски застапници или полномошници, исто така имаат право на поставување на прашања. Сослушаните сведоци и вештаци остануваат во судницата освен ако претседателот на советот, односно судијата поединец одобри напуштање на судницата. Сведоците се сослушуваат поединечно и без присуство на сведоците кои подоцна ќе се сослушуваат. Сведоците можат да се соочат, ако нивните искази не се сложуваат во поглед на важните факти.

По завршување на главата расправа односно по изведување на сите докази, двете странки, почнувајќи од тужителот, имаат право накусо да се обратат на судот со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот. Кога советот смета дека предметот е расправен, така што да може да се донесе одлука, претседателот на советот ќе соопшти дека главната расправа е заклучена, а потоа советот ќе се повлече на советување и гласање заради донесување одлука.

По одржување на главната расправа со завршни зборови, судот ќе донесе пресуда со која ќе се произнесе во однос на тужбеното барање поставено со тужбата од страна на жртвата на трговија со луѓе. Против таквата пресуда, незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена по приемот на истата до Апелационен суд.

Откако ќе заврши главната расправа судот е должен веднаш да ја објави пресудата, а во сложени предмети најмногу до 8 дена од денот на заклучување/завршување на главната расправа. По изрекување и објавување на пресудата на првостепениот суд, овој суд е должен пресудата да ја изготви во рок од 8 дена, а во сложени предмети во рок од 15 дена. Изготвената пресуда по претходно наведените рокови веднаш се доставува до странките (тужителот-оштетениот и тужениот). Незадоволната странка по приемот на првостепената пресуда има право на жалба во рок од 15 дена. По приемот на жалбата судот е должен жалбата веднаш да ја достави со спротивната странка, која пак има право на одговор на жалба во рок од 8 дена по доставување на жалбата на негова/нејзина адреса. Ако странката која има право на одговор на жалба не го достави одговорот на жалба во рок од 8 дена,

судот предметот со сите списи веднаш го доставува до Апелациониот суд. Правното средство одговор на жалба е право, а не и должност, што значи дека странката на која и е доставена жалбата од спротивната странка немора да даде одговор на истата.

Битно е да се напомене дека жалителот е должен да плати такса по жалба во рок од 8 дена по поднесување на жалбата. Ако жалителот не ја плати таксата во дадениот законски рок, се води посебна постапка преку Управата за јавни приходи за присилна наплата на таксата. Оваа законска одредба имплицитно ја отстранува опасноста од неплаќање на такса по жалба. Како резултат на неплаќањето на такса и непостоењето на можност таа присилно да се наплати со претходните законски одредби, предметите стоеја по неколку години нерешени додека таксата не се плати. На тој начин остварувањето на имотноправното побарување од страна на жртвата беше одолговлекувано со години, бидејќи најчесто во пракса жалби поднесуваа тужените, односно оние кои се должни да го исплатата имотноправното побарување и истите со свесно неплаќање на таксата, ја одложуваа граѓанската постапка за надомест на штета.

Апелациониот суд по приемот на предметот со сите списи со цел да донесе одлука по жалба е должен тоа да го стори во најкраток временски период, но, не подолго од три месеци (во посложени предмети рокот за донеување на одлука по жалба не може да биде подолг од шест месеци). Одлуката на Апелациониот суд е правосилна со денот на нејзино изрекување, а извршна е од моментот на доставување на одлуката до тужениот и плус рокот за доброволно извршување на наплата (15 дена) на имотноправното побарување од страна на тужениот. Доколку тужениот не го надмири побарувањето, следи постапка на присилно извршување пред овластен извршител.

Доколку ги земеме предвид законски предвидените рокови за преземање на процесни дејствија во оваа постапка (најдолгите рокови), тогаш можеме да заклучиме дека на жртвата ќе и треба приближно една година и три месеци (451 дена) за добивање на правосилна извршна пресуда.Ова под услов главната расправа да се одржи само на едно рочиште.

***б) Кривична постапка***

Новиот Закон за кривична постапка-ЗКП менувајќи го принципот на утврдување на вистина од материјална во процесна во потполност ја измени позицијата на жртвата на трговија со луѓе во однос на барањето за надомест на штета во оваа постапка. Односно, новиот ЗКП го напушта принципот на материјална вистина (при кој судот беше должен и по однос на висината на штетата да изведува докази и да се произнесе по однос на штетата) и се суди по принципот на процесна вистина (тоа што странките ќе го докажат во текот на главната расправа).

Па така, волјата на жртвата на трговија со луѓе за надомест на материјална и нематеријална штета според стариот Закон за кривична постапка-ЗКП, судот во целост беше должен да ја

почитува, односно доколку жртвата на трговија со луѓе се изјаснеше дека бара надомест на штета од обвинетиот во кривична постапка, со прецизирање по основ и висина на штета од страна на жртвата, судот беше должен по службена должност да ги прибере сите докази. Тука спаѓа и издавање на наредба од страна на судот по службена должност да се изврши вештачење од надлежно вешто лице или институција за видот и висината на штетата и судот беше должен да ја досуди материјалната и нематеријалната штета по основ и висина имајќи го предвид извршеното вештачење (интензитетот и времетраењето на физичкиот бол, душевните болки, стравот и тежината на инвалидитетот). Жртвата на трговија со луѓе и јавниот обвинител против одлуката на судот за досудената материјална и нематеријална штета немаа право на жалба против првостепената пресуда во однос на видот и висината на материјалната  и нематеријалната штета.

Согласно новиот Закон за кривична постапка, жртвата на трговија со луѓе за остварување на имотнотоправно побарување треба да биде известена од Јавниот обвинител и истиот треба да ја поучи дека има право да пријави имотноправно побарување уште во текот на истражната постапка[20].

Жртвата на трговија со луѓе имотнотоправното побарување може да го пријави при давање на нејзин исказ во текот на истражната постапка што ја води јавниот обвинител. Жртвата на трговија со луѓе во текот на истрагата може да истакне дека не бара надомест на штета или дека бара надомест на штета (материјална и нематеријална), враќање на предмети (да бара да и бидат повратени сите нејзини предмети што и биле одземани од обвинетиот во текот на одигрување на кривично правниот настан) или пак поништување на определена правна работа (на пример. доколку жртвата била приморана во текот на одигрување на кривично правниот настан да склучи одредена правна работа-договор за поклон, договор за купопродажба или слично). Доколку жртвата на трговија со луѓе истакне имотноправно побарување, а тоа најчесто во пракса покажува дека се работи за материјална и нематеријална штета, жртвата на трговија со луѓе е должна да ги обезбеди сите релевантни докази по однос на видот и висината на штетата (вештачења од вешти лица во зависност од основот по кој бара надомест на штета, на свој трошок).

Доколку во текот на истрагата биде постигната предлог-спогодба помеѓу јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител, јавниот обвинител е должен да го извести обвинетиот дека жртвата на трговија со луѓе има пријавено имотноправно побарување (најчесто надомест на материјална и нематеријална штета) и е должен во присуство на неговиот бранител да го извести за основот и висината на пријавеното имотноправно побарување. Ако обвинетиот се согласи да ја надомести и штетата на жртвата на трговија со луѓе, во предлог-спогодбата што е постигната помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот во присуство на бранителот на обвинетиот,  по основ и висина како што бара жртвата на трговија со луѓе, во предлог-спогодбата задолжително треба да стои дека обвинетиот е должен - согласен на жртвата на трговија со луѓе да им плати на име имотноправно побарување (најчесто

[20] произлегува од чл.53; чл.57 ст1, т.3; и чл. 485 ст.1, т.4 ЗКП

надомест на материјална и нематеријална штета) по вид и висина постигната помеѓу обвинетиот и оштетениот. Јавниот обвинител е должен веднаш да ја поднесе предлог-спогодбата, а најдоцна во рок од шест месеци од поведувањето на истрагата, бидејќи јавниот обвинител е должен да ја спроведе истрагата во рок од шест месеци. Предлог-спогодбата мора да ги содржи сите елементи утврдени со чл. 485 од ЗКП[21] и во истата треба да стои дека обвинетиот е должен односно се задолжува на жртвата на трговија со луѓе да и плати на име имотноправно побарување (најчесто надомест на материјална и нематеријална штета), како што е наведено во спогодбата.

Предмет на спогодување на јавниот обвинител и обвинетиот во поднесената предлог-спогодба е видот и висината на кривичната санкција, при што со спогодбата тие можат да бараат од судијата на претходна постапка да примени кривична санкција определена според видот и висината, во законско определените рамки за кривичното дело, но, не под границите за ублажување на казната определена во Кривичниот законик. Покрај ова, јавниот обвинител е должен кон предлог-спогодбата заедно со сите докази да приложи и писмена изјава потпишана од оштетениот во однос на видот и висината на имотноправното барање.

Ако обвинетиот не се согласи со предлогот на жртвата на трговија со луѓе да ја надомести штетата што таа ја барала, во предлог-спогодбата постигната помеѓу јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител треба да стои дека жртвата на трговија со луѓе за остварување на имотнотоправното побарување треба да биде упатено на спор.

Предлог-спогодбата се доставува до судијата на претходна постапка. Судијата на претходна постапка закажува рочиште на која ја испитува предлог-спогодбата. На рочиштето судијата на претходна постапка ги повикува Јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител и на самото доказно рочиште, судијата на претходната постапка врши оценка на предлог-спогодбата, покрај другото и по однос на имотнотоправно побарување. Ако не постои согласност на обвинетиот да го надомести имотнотоправно побарување - надоместокот на штета на жртвата, доколку судијата на претходна постапка ја прифати предлог- постапката, донесува пресуда со која обвинетиот го прогласува за виновен за предметното кривично дело и ја изрекува казната наведена во предлог-спогодбата а додека жртвата се упатува на спор. Жртвата нема право на жалба против вака донесената пресуда од судијата на претходната постапка, по ниту еден основ, ниту пак по однос на имотнотоправното побарување.

[21] Предлог-спогодбата поднесена во смисла на членот 483 од овој закон мора да содржи:податоци за јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител; опис и правна квалификација на кривичните дела опфатени со предлог- спогодбата; предложената кривична санкција според видот и висината; видот и висината на имотноправното барање и начинот на негово остварување, ако осомничениот дал согласност во смисла на овој закон; изјава на осомничениот дека свесно и доброволно ја прифаќа предлог-спогодбата и последиците што произлегуваат од неа; изјава од јавниот обвинител и осомничениот дека се откажуваат од правото на жалба доколку се донесе пресуда со која се прифаќа предлог-спогодбата; трошоците на постапката; потпис на јавниот обвинител, осомничениот и неговиот бранител и датум и место на склучувањето на предлог-спогодбата.

Доколку помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот и неговиот бранител не се постигне и поднесе предлог-спогодба, застапникот на обвинението ако од прибраните докази смета дека произлегува оправдано сомнение дека обвинетиот го има извршено кривичното дело, јавниот обвинител до судот во рок од 15 дена по завршувањето на истрагата а за кривични дела од организиран криминал меѓу кои се и кривичните дела од областа на недозволена трговија со луѓе, во рок од 30 дена до надлежен суд да поднесе обвинителен акт. Во поднесениот обвинителен акт покрај останатото, Јавниот обвинител е должен да ја наведе и жртвата на трговија со луѓе како оштетена. По стапување на обвинителниот акт во правна сила, судот е должен да закаже главна расправа најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот. На главната расправа, судот ја поучува жртвата на трговија со луѓе дека има право да истакне имотноправно побарување по вид и висина. Жртвата на трговија со луѓе е должна веднаш доколку бара остварување на имотноправно побарување, на самата расправа да го истакне истото по вид и висина со тоа што жртвата на трговија со луѓе е должна да приложи и докази по однос на видот и висината на имотнотоправно побарување (најчесто остварување на надомест на материјална и нематеријална штета) и да ги приложат сите извршени вештачења што ги направила истата на нивен трошок со цел да го поткрепи своето имотноправно побарување по однос на вид и висина, односно надомест на штета.

Доколку жртвата на трговија со луѓе нема изготвено вештачење по однос на видот и висината на штетата и покрај тоа што изјавил имотноправно побарување по вид и висина, поради непоткрепеност на истото барање со докази, судот со пресудата со која го огласува за виновен обвинетиот за кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе, жртвата на трговија со луѓе ја упатува на парница. Исто така, ако жртвата на трговија со луѓе делумно поднесе докази од кои судот може да одлучи за одреден дел од имотнотоправно побарување, таквото имотноправно побарување го досудува а за останатиот дел жртвата на трговија со луѓе е упатена на спор (на пример: поднесени се докази по однос на видот и висината на материјалната штета, а не се поднесени докази по однос на нематеријалната штета, судот ќе одлучи по барањето на жртвата на трговија со луѓе за материјална штета , а во однос нематеријалната штета, а за нематеријалната штета жртвата на трговија со луѓе ќе биде упатена на спор).

Можна е ситуација жртвата на трговија со луѓе да поднесе докази за побараното имотноправно побарување (како за материјална така и за нематеријална штета), но судот да смета дека ваквите докази не се доволни (се работи за дискреционо право на судијата или претседателот на советот и тој не е должен да го образложи сето тоа) за тој да одлучи по имотнотоправно побарување. Во ваков случај за остварување на надоместот жртвата на трговија со луѓе се упатува на спор. Жртвата против ваквата одлука на судот нема право на жалба во кривичната постапка.

Едно е важно за остварување на имотноправно побарување на жртвата на трговија со луѓе во кривичната постапка, а тоа е податокот дека нивната волја не се почитува во однос на

досудување на имотноправно побарување, што значи доколку жртвата на трговија со луѓе не го поткрепи своето имотноправно побарување со докази или пак судот смета дека поднесените докази по однос на имотноправно побарување не се доволни за одлучување, жртвата на трговија со луѓе се упатува на спор за остварување на имотноправно побарување, при што таа -жртвата против ваквата одлука на судот нема[22] право на жалба.

Исто така е битно да се нагласи дека при остварување на имотноправно побарување (надомест на штета) од жртва на трговија со луѓе, судот по изведување на предложените докази го одбие имотноправно побарување на жртвата на трговија со луѓе или делумно го уважи, во ваков случај жртвата на трговија со луѓе нема право на жалба против ваквата пресуда на првостепениот суд во однос на имотноправно побарување која е негативна страна на сегашните законски решенија.

Исто така е битно да се нагласи дека доколку жртвата на трговија со луѓе во текот на кривичната постапка против обвинетиот кој сторил кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе изјавил дека не бара имотноправно побарување односно надомест на штета од обвинетиот, истата со поднесување на граѓанска тужба во спор пред граѓански суд може да оствари штета и покрај тоа што изјавила во кривична постапка дека не бара надомест на штета од обвинетиот, бидејќи ваквата нејзина изјава се однесува на остварување на имотноправно побарување само во кривична, а не и во граѓанска постапка.

Кривичниот суд е должен пресудата со која обвинетиот го огласува за виновен да ја изрече и објави веднаш по завршување на главната расправа а најдоцна во рок од 3 дена. По изрекување и објавување на пресудата судот е должен истата да ја напише во рок од 15 дена а во сложени предмети по исклучок во рок од 60 дена, роковите не смеат да бидат пречекорени.

На главната расправа доколку биде постигната согласност помеѓу обвинетиот и оштетениот по однос на видот и висината на штетата, првостепениот суд е должен да ја досуди штетата по вид и висина како што се согласиле обвинетиот и жртвата на трговија со луѓе. Против ваквата пресуда жртвата на трговија со луѓе има[23] право на жалба, додека обвинетиот по овој основ има право на жалба доколку докаже дека согласноста е дадена поради измама и закана.

**Средства за обезбедување на имотноправно побарување**

Средствата за обезбедување на имотноправно побарување во кривичната постапка против обвинетиот за кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе стојат на располагање на јавниот обвинител.

---

[22] согласно чл.110 ст.1 ЗКП
[23] согласно чл.411. ст.4 ЗКП

Јавниот обвинител уште во текот на истрагата, а и на главна расправа може да предложи кривичниот суд кој расправа по обвинението против обвинетиот за кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе да побара од судот, судот да изрече времена мерка. Во текот на истрагата по предлог на јавниот обвинител, времената мерка ја изрекува судијата на претходната постапка, а додека на главна расправа судечкиот суд. Јавниот обвинител во текот на истрагата може да предложи судијата на претходна постапка да донесе одлука со која ќе се забрани на обвинетиот да располага со својот подвижен и недвижен имот или имотот на обвинетиот во смисла на негово користење и располагање да го стави под надзор. Судијата на претходна постапка донесува посебно решение со кое се изјаснува дали ќе го прифати предлогот на јавниот обвинител за изрекување на привремена мерка или ќе го одбие. Против одлуката на судијата на претходна постапка, незадоволната странка – обвинетиот и застапникот на обвинението имаат право на жалба. За жалбата одлучува непосредно повисокиот суд. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Доколку јавниот обвинител таквиот предлог за изрекување на привремена мерка не го ставил во текот на истрагата, тоа може да го стори на главната расправа – во текот на главната расправа или пак во завршниот збор на самата главна расправа. Доколку ваквиот предлог е даден во текот на главната расправа, судечкиот совет со посебно решение одлучува дали ќе го прифати предлогот за издавање на привремена мерка или не. Против ваквата одлука јавниот обвинител и обвинетиот имаат право на жалба до непосредно повисокиот суд. Постапката е итна, што значи судот е должен веднаш да одлучи по предлогот. По предлог на застапникот на обвинението или по службена должност судот со пресудата со која обвинетиот е огласен за виновен дека е сторител на кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе и му изрекол соодветна казна, судот предметите наменети за извршување на кривичното дело, предметите настанати со извршување на кривичното дело и остварената имотна корист ја одзема. Предметите наменети за извршување на кривичното дело, предметите прибавени со извршување на кривичното дело и имотната корист се одземаат од обвинетиот, со тоа што жртвата на трговија со луѓе на која и е досудено имотноправно побарување или во кривична или во граѓанска постапка, доколку поднесе соодветно барање во законски предвиден рок може да бара да ја наплати штетата со продажба на одземаните предмети и одземаната имотна корист (доколку на жртвата на трговија со луѓе не и е досудено имотноправно побарување во кривична постапка, таа треба во рок од 6 месеци по правосилноста на кривичната пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен и е казнет да поднесе тужба за остварување на надомест на штета во граѓанска постапка и ако во рок од 3 месеци по правосилноста на пресудата со која и е досудено имотноправно побарување во граѓанска постапка побара имотноправното побарување да и биде намирено од одземените предмети; користа стекната со извршување на кривичното дело или од конфискуваниот имот).

Исто така, судот со пресудата со која го огласува обвинетиот за виновен за сторено кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе и го осудува според закон, на предлог на застапникот на обвинението или по службена должност, доколку судот утврди

дека имотот со кој располага обвинетиот целосно или дел е како резултат на извршените кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе, целокупниот имот или дел од имотот на обвинетиот може да го конфискува односно да изрече целосна или делумна конфискација на имотот на обвинетиот. Жртвата на трговија со луѓе на која и е досудено имотноправно побарување било во кривична било во граѓанска постапка, во рок определен во Кривичниот законик (жртвата треба да побара во рок од три месеци по сознавањето на правосилната кривична пресуда со која обвинетиот е огласен за виновен и казнет, но најдоцна во рок од две години), досудената штета може да ја оствари од конфискуваниот имот на обвинетиот. Со привремената мерка за обезбедување на имотноправно побарување на жртвата на трговија со луѓе, законодавецот дал можност жртвата да се обезбеди односно обвинетиот слободно да не може да располага со својот имот за одреден временски период додека жртвата го оствари – наплати своето оштетно побарување. Привремените мерки може да траат до конечната исплата на надоместот на жртвата и откако жртвата ќе ја наплати штетата, дури тогаш обвинетиот слободно може да располага со својот недвижен и подвижен имот.

Исто така, со одземање на предмети со кои се извршува кривичното дело, со одземање на предмети кои настанале како резултат на извршеното кривично дело и со одземање на имотната корист се помага на жртвата на трговија со луѓе да го наплати своето имотноправно побарување. Истото се однесува и за конфискацијата на имот на обвинетиот со тоа што жртвата на трговија со луѓе е должна во предвиден рок, конкретно наведен претходно да поднесе такво барање до судот и судот со пресуда да одлучи дека имотноправно побарување на жртвата на трговија со луѓе ќе биде наплатено од одземаните предмети од обвинетиот, од одземаната имотна корист или од конфискуваниот имот.

Правосилната пресуда со која е досуден надомест на штета се извршува кога е извршено нејзиното доставување и кога за извршувањето не постојат законски пречки. Ако не е изјавена жалба или странките се одрекле или се откажале од жалбата, пресудата е извршна со истекот на рокот за жалба, односно од денот на одрекувањето или откажувањето од изјавената жалба. Доколку се работи за правосилна, извршна пресуда со која одредено лице е огласено за виновно за кривични дела од областа на недозволена трговија со луѓе и е казнето според закон и со истата пресуда на жртвата на трговија со луѓе и е досудено имотноправно побарување, односно надомест на штета, жртвата на трговија со луѓе треба да почека обвинетиот сам да ја исплати штетата во рокот конкретно наведен во правосилната и извршна пресуда. Ако обвинетиот не го стори тоа, жртвата на трговија со луѓе, доколку се работи за полнолетно лице треба да бара присилно извршување на правосилната и извршната пресуда, преку надлежен извршител именуван за тоа подрачјето, каде што се наоѓа имотот или живеалиштето на осудениот. Овластениот извршител потоа е должен со цел да го наплати имотното правно побарување, да ги превземе сите законски мерки согласно Законот за извршување, за наплата на штетата од имотот на обвинетиот. Доколку овластениот извршител од фактички пречки (нема имот) или правни пречки (имот ставен под хипотека и сл.), имотноправното побарување не може да го изврши од имотот на сторителот на кривичното дело, надлежниот извршител донесува

заклучок со кој извршната постапка се запира поради неможност имотно правното барање – наплатата на штета присилно да се наплати од имотот на осудениот.

Во ваков случај законските можности за остварување на досуденото имотноправно побарување се разликуваат зависно од возраста на жртвата на трговија со луѓе (подетално опишани во следната глава на оваа анализа).

## III. Обесштетувањето на жртвите на трговија со луѓе од страна на државата...

Потребата од формирање на државни фондови за надомест на штета се јавува во 60-тите години од минатиот век кога повеќе земји членки на Советот на Европа започнале да

воспоставуваат вакви фондови во случаите кога надоместот на штета не може да се оствари поинаку. Ваквата потреба е резултат на настојувањето на законодавците и криминолозите за давање на подеднакво внимание на обезбедувањето на помош и поддршка на жртвата на криминал колку што и на казнениот третман на сторителот. Воведувањето на можноста за обесштетување на жртвите на криминал од средства на државата има своја оправданост во неколку теории, меѓу кои  дека државата пропуштила да го превенира кривичното дело и со тоа овозможила нанесување на штета на жртвата; одредени членови на општеството се поранливи и изложени на опасност, па оттаму останатите членови на заедницата во име на општествената солидарност и еднаквост  треба да овозможат надоместување на настанатата штета и последната теорија е дека со намалување на чувството на неправда кај жрвтата се применува поефикасна и помалку репресивна политика за справување со криминалот.

Како резултат на  овие напори во 1983 година е подготвена Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на криминал која до ден денешен преставува рамка за обезбедување на минимум стандардите по однос на ова прашање на жртвите на криминал, вклучувајќи ги и жртвите на трговија со луѓе.

**Обесштетувањето на жртвите на трговија со луѓе од страна на државата  во РМ ...**

Во случај кога  имотноправно барање не може да се изврши од имотот на сторителот, согласно на важечките законски прописи во моментот само малолетните жртви на криминал, вклучувајќи ги жртвите на трговија со луѓе во нашата земја можат да го наплатат побарувањето (надоместот на штета) од страна на државата, односно од Буџетот на Министерството за правда. Тоа не е случај со полнолетните жртви, односно полнолетните жртви на трговија со луѓе.

Имено, детето за кое со правосилна судска одлука е утврдено дека е жртва, односно оштетено со дејствие што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок со елементи на насилство и на кое му е признато имотноправно побарување, може да поднесе барање за обесштетување од средствата на буџетот на Министерството за правда до надлежниот суд при што мора да бидат кумулативно исполнети два услови (досуденото имотноправно побарување поради фактички или правни пречки да не може да се изврши од имотот на сторителот на кривичното дело или друг акт на насилство и кога од правосилноста на одлуката за имотноправното побарување изминале повеќе од шест месеци) .

Барањето за надомест на штета од државата покрај детето, можат да го поднесат неговите родители/родителот, односно старатели/старателот. Судот ќе донесе решение за обесштетување во износ на досуденото имотноправно побарување, без зголемување по основ на камати или други дополнителни трошоци околу извршувањето на побарувањето. Ако судот го одбие барањето, детето жртва има право на жалба до Апелациониот суд во рок од осум дена од денот на приемот на решението за одбивање. Одлуката на Апелациониот

суд е конечна.

Конечното решение за исплата на обесштетувањето, судот го доставува до Министерството за правда кое ја извршува исплатата. Тоа за извршената исплата го известува судот кој го донел решението најдоцна еден месец од извршената исплата. Ако обесштетувањето е исплатено од овие средства, судот решението за обесштетување го доставува до Државниот правобранител заради поведување на постапка за присилно извршување на исплатеното обесштетување од имотот на сторителот. Против ова решение не е дозволена жалба, а тоа ќе се изврши согласно со одредбите од Законот за извршување.

За потребите на обесштетување на малолетните жртви оштетени со дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело на насилство и на други акти на индивидуално или групно насилство, Министерството за правда согласно на Законот за правда за децата[24] издвојува средства во рамките на својот буџет. Изворите и начинот на трошење на средствата за оваа намена Министерството за правда ги планира[25] по претходно прибавено мислење од Државниот совет за превенција на детско престапништво[26]. На веб страната на Министерството за правда[27] на листата на информации од јавен карактер нема достапна годишна програма која Министерството треба да ја донесе за обезбедување на буџет за оваа намена, ниту пак во буџетот на ова министерство за 2012, 2013 и 2014 година има одделна буџетска ставка наменета за оваа програма.

Во моментот отсуствува законско регулирање на прашањето за обесштетување на полнолетни лица од страна на државата во случај кога таа не ќе може истото да го наплати од страна на обвинетиот. Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, односно националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија 2013-2016 како една од клучните иновативни карактеристики во делот на поддржувачката рамка предвидува - Воспоставување на државен фонд за обесштетување на жртвите. Една од стратешките ориентации споменати во стратегијата и акцискиот план е воспоставување на механизми за компензација преку донесување на Закон за државен фонд за

---

[24] Службен весник на РМ 148/2013. Овој закон го замени поранешниот Закон за малолетничка правда (87/07, 103/08, 161/08 и 145/2010) кој со измените во 2010 година воведе одредби за обесштетување на малолетните жртви на трговија со луѓе (кои требаше одложено да се спроведуваат од 01.01.2012 година).

[25] За оваа потреба Министерството за правда донесува годишна програма.

[26] Државниот совет покрај наведената има и низа други надлежности, меѓу кои: донесува Национална стратегија за превенција на детското престапништво; донесува годишни програми и планови за остварување на програмата; предлага средства во предлогот на буџетската пресметка на Министерството за правда потребни за неговата работа; дава иницијативи за подобрување на законските решенија и мислења за предлози на закони од значење за заштитата на правата на децата и спречувањето на детското престапништво; покренува иницијативи за пошироко запознавање на граѓаните со правата на децата и расправи за здраво семејство, за заштита на децата од наркоманија, алкохолизам и други болести на зависност, за проблемите на образованието и воспитувањето, за односот на средствата за јавно информирање и за другите фактори што влијаат врз спречувањето на детското престапништво; иницира истражувања и студии за проблемите на детското престапништво и др.

[27] http://www.pravda.gov.mk/tekstovi.asp?lang=mak&id=kontakt пристапено во октомври 2014 година.

обесштетување на жртвите[28]. Практично во националниот акциски план во делот на законска и регулаторна рамка под поддржувачка рамка предвидено е донесување на Закон за државен фонд за обесштетување на жртви согласно со решенијата предвидени во новиот Закон за кривична постапка и истиот ќе има за цел - Воспоставување на фонд за обесштетување на жртви. За очекување е дека по правна аналогија при подготовката на овој закон ќе бидат земени предвид важечките одредби за остварување на ова право од страна на државата од страна на малолетните жртви на трговија со луѓе. За донесување на овој закон одговорно е Министерството за правда, при што во планот не е конкретно утврден временскиот период за негово донесување[29] . Како индикатор со кој ќе се верификува реализирањето на оваа активност во планот е наведен следниот индикатор: Формиран фонд за обесштетување на жртви. За спроведувањето на оваа активност во планот не се поврзани/наведени финансиски импликации[30].

Прашањето за надомест на штета во Националната стратегија и акцискиот план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција се споменува и во делот на третманот на жртвата. Имено, Владата на РМ согласно на своите стратешки определби и водечки принцип се стреми кон унапредување на заштитата на правата на жртвите, меѓу кои и во однос на обезбедување на правни информации, физичка и правна заштита, материјална помош и надомест со цел интегрирање и рехабилитирање на жртвите на трговија со луѓе. И покрај тоа, донесувањето на Законот за државен фонд за обесштетување на жртвите преставува единствена предвидена мерка по однос на надоместот на штета за периодот 2013-2016 година.

Согласно на последниот годишен извештај на Националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2013 година[31] нема податоци за активности преземени на полето на подготовка на Закон за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе и исто така нема препораки по однос на остварувањето на правото на надомест на штета од страна на жртвите.

**Функционирањето на Државниот фонд за обесштетување во останати европски земји и нивното искуство во однос на остварување на правото на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе ...**

Предмет на анализа се и компаративните законодавства и правни механизми за остварување на правото на надомест на штета на лицата жртви на криминал на повеќе земји членки на Европската Унија[32] , и тоа во однос на постапката за остварување на

[28] стр.33 од стратегијата и акцискиот план.
[29] во планот наведен е периодот 2013-2016 кој впрочем е и временски период за спроведување на целиот план.
[30] стр.50 од акцискиот план.
[31] стр. 16 во делот на евалуација на националната стратегија и национален акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција.
[32]Холандија (членка на ЕУ од 1958) , Словенија (2004), Бугарија (2007), Велика Британија (1973) и Франција (1952) .

правото преку посебен државен фонд за компензација. Заради подготовка на компаративна анализа беше разгледувана правната регулатива на понови држави членки на ЕУ, но и на држави основачи/членки на ЕУ од нејзиното формирање, како и држави кои ја потпишале и ратификувале Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилен криминал и држави кои не пристапиле кон овој процес[33].

За потребите на анализата беа разгледани одделните критериуми кои претставуваат услов за аплицирање, односно добивање на позитивна одлука за користење на средства од државен фонд за надомест на штета на жртви на криминал, и тоа: *критериуми кои се однесуваат на опсегот на лица кои можат да го остварат правото на компензација; критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди; фактори кои влијаат на одредување на висината на надоместокот, вклучувајќи го и однесувањето на жртвата; влијание на кривичната постапка и постоењето на субјективна одговорност, дополнителни критериуми во однос на постапка за остварување на правото на компензација* и *примената на принципот на субсидијарност.*

***Критериуми кои се однесуваат на опсегот на лица кои можат да го остварат правото на компензација***

Словенија и Бугарија предвидуваат правото на компензација освен државјаните на соодветната држава, да може да го остварат и државјани на други земји членки на ЕУ. Холандија и Велика Британија предвидуваат и дополнителна можност ова право да го оствари секое лице кое претрпело сериозни физички и психички повреди, а пак Франција освен наведените формални критериуми во 2013 година го предвиде правото на компензација и за жртви кои се нелегални мигранти. Во повеќето од државите предмет на анализа освен жртвата, правото на компензација може да го остварат и нејзини роднини, деца, партнер или издржувано лице во случај на смрт на жртвата.

***Критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди***

Освен формалните услови за остварување на правото на надомест на штета, законодавствата на државите предмет на анализа предвидуваат и материјални услови за остварување на правото на компензација. Имено, со исклучок на Бугарија која предвидува правото на компензација да го остварат единствено жртвите кои претрпеле материјална штета, во сите останати земји предвидено е правото на надомест на штета да го бараат жртвите кои претрпеле сериозни физички и психички повреди како резултат на кривично дело кое има елементи на насилство и кое е сторено со намера. Словенија освен овие наведени услови го предвидува и страдањето како последица на кривичното дело и да за тоа дело е предвидена казна затвор подолго од година дена. Во одредени држави, како што е случајот со Франција наместо одредување на квалификаторна околност „сериозни повреди“, се бара да последиците кај жртвата предизвикале неспособност за работа одредено време. Позитивна е регулативата на Холандија, според која Фондот пропишува

[33] Конвенцијата за компензација на жртвите на насилен криминал на Совет на Европа е потпишана и ратификувана од страна на Холандија, Велика Британија и Франција, додека Бугарија и Словенија досега немаат пристапено кон потпишување и ратификување.

категории на повреди на нематеријална штета како и соодветниот износ на компензација. Воедно и Словенија предвидува градација на кривичните дела од незначителни до екстремно сериозни со соодветниот финансиски износ, при тоа земајќи во предвид околности како што се природа на повредата, интензитетот и нејзиното времетраење.

*Критериуми за одредување на висината на надоместокот*

Програмите за компензација кои се од постар датум како што се Франција, Велика Британија и Холандија имаат предвидено значително високи износи на надоместок за материјална и нематеријална штета на жртвите на криминал, кои се движат од 25.000 ЕУР кај Холандија до 580.000 ЕУР кај Велика Британија. Не е незначителен и максималниот износ кој го утврдува Словенија, односно 20.000 ЕУР, при што истата ги утврдува и висините на надоместокот за секој вид на надомест на штета. Велика Британија предвидува зголемување на износот на компензацијата во случаи на изгубена заработувачка, односно до 580.000 ЕУР. Бугарија предвидува незначителен износ до 2.500, односно до 5.000 ЕУР и тоа само за претрпена материјална штета. Фактори кои можат да влијаат на одлуката, односно на намалувањето на висината на надоместокот се постоење на вина кај жртвата, нејзин придонес во извршувањето на кривичното дело или пак непријавување и соработка со полициските и истражните органи. Овие фактори поединечно или кумулативно се предвидени во повеќе од државите кои се предмет на анализа. Предвидувањето на одредени критериуми во голема мера можат да ја ограничат жртвата, односно истата не може да оствари право на компензација доколку била осудувана за кривично дело во последните пет години пред аплицирањето. како што е случајот со Р. Бугарија.

*Влијание на кривичната постапка и постоењето на субјективна одговорност*

Кај сите од државите предмет на анализа, предвидена е можноста да жртвата бара компензација за надомест на штета и во случаите кога лицето сторител не е осуден во кривична постапка, кога не му е изречена кривична санкција, во случаи кои се процесираат во отсуство на обвинетиот, како и во случај кога ќе се прекине кривичната постапка. Сето ова подразбира дека за остварување на правото на компензација од страна на жртвата не е задолжително да постои пресуда со која сторителот е осуден. Словенија предвидува и можност правото на компензација да се оствари и доколку не е поведена кривична постапка.

*Постапка за остварување на правото на компензација*

Овој дел опфаќа повеќе критериуми кои жртвата треба да ги исполни за да се овозможи понатамошно водење на постапката за компензација. Имено самата апликација кај сите од предметните држави треба да биде поткрепена со докази како што се медицински извештаи и вештачења, полициски извештаи, сметки од направени материјални трошоци и сл. Што се однесува до рокот за поднесување на барање за компензација до државен фонд истиот се разликува од држава до држава. Имено кај дел од државите предвиден е подолг

временски рок кој тече од стореното дело или повреди , како што е случајот со Холандија (три години од сторено кривично дело) или Велика Британија (две години од сторените повреди). Мошне е краток и несоодветен временскиот рок предвид во Словенија(шест месеци од сторено кривично дело ), како и рокот од два месеца по правосилноста на пресудата со која лицето се огласува за виновно или пресудата за прекин на постапката,што е случај со Бугарија.

Одредени позитивни мерки кои се предвидени со цел ефикасно постапување и обезбедување на надоместок на штета без оглед дали во судска или административна постапка е примерот на Холандија, која предвидува можност жртвата да побара претходна исплата на надоместокот од страна на државата ако сторителот е осуден и му е досудено да плати надомест на штета, како и кога сторителот нема да го плати надоместокот на штета во период од 8 месеци од моментот на досудената казна. Ова подразбира дека обврската за исплата на надоместокот се префрла од жртвата на државата. Исто така од 2014 година, државата може да ги користи средствата на осомничениот додека трае истражната постапка со цел да превенира прикривање на средствата од страна на сторителот, пред да се одлучи за надоместот на штета. Системот за обесштетување на Франција е флексибилен и дава можност за остварување на правото на надомест на штета самостојно или како надополнување на тековна кривична или граѓанска постапка. Подеднакво како и во Холандија и Франција предвидува можност обвинетиот да плати депозит на жртвата во кривична постапка пред и по изрекување на осудителна пресуда. Доброволното плаќање на надоместокот може да претставува олеснителна околност и судијата го има предвид при водењето на кривичната постапка.

***Принцип на субсидијарност***

Имено, досегашните тенденции и пракса укажуваат на фактот дека најчест принцип на обезбедување на правото на компензација е намирување на сторената материјална и нематеријална штета од страна на самиот извршител во кривична или граѓанска постапка, а пак механизмот за надомест на штета преку посебен државен Фонд исклучиво се ефектуира доколку штетата не може да се намири од страна на сторителот. Ваквиот принцип, односно принципот на субсидијарност[34] или суброгација на државата се користи во поголем дел од државите членки на ЕУ, при што во дел од нив се бара стриктно исцрпување на сите извори, а пак во останатите држави овој принцип се користи како „ исцрпување, но во разумна мера“.

Принципот на субсидијарност не се користи во Велика Британија, а пак во Франција овој принцип се користи само во кривични дела во однос на имотот. Кај останатите држави предмет на анализа овој принцип предвидува исцрпување на други механизми за остварување на надомест на штета, пред се од сторителот пред тоа да го стори државниот фонд за компензација.

---

[34] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/ET/TXT/?uri=CELEX:52001DC0536

## IV. Препораки

Разгледувајќи ги сите можности за остварување на правото на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во нашата и останатите европски земји, со жалење можеме да заклучиме дека состојбите по однос на остварувањето на правото на надомест на штета на жртвите на трговија со луѓе во РМ укажуваат на исклучиво неповолна и ранлива состојба на жртвата. Со леснотија може да се каже дека важечките законски прописи и согласно на нив начините на остварување на ова право во нашата земја го прават остварувањето на ова право речиси невозможно.

Во насока на непречено остварување на ова право од страна на жртвите на трговија со луѓе во нашата земја ги даваме следните препораки:

***Во однос на усогласување со меѓународните стандарди ...***

- Потпишување и ратификување на Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилен криминал како меѓународен документ кој ги пропишува минимум стандардите за надомест на штета од страна на државата

***Во однос на остварување на правото на надомест на штета во судска постапка...***

- На жртвата на трговија со луѓе при остварување на имотноправното побарување во кривичната постапка да и се дозволи право на жалба по однос на имотноправното побарување без оглед дали и е досудено и во која висина и е досудено, доколку таа е незадоволна од одлуката на судот (со ова ќе се овозможи активно застапување на интересите на оштетената и намалување на трошоците кои таа треба да ги сноси доколку ова право го остварува во граѓанска постапка)

- При остварување на имотноправното побарување во кривична постапка, јавниот обвинител да може да прибавува докази по однос на имотноправното побарување во име на жртвата-оштетената (ова особено заради материјалната состојба на жртвата по однос на прибавување на овие докази на своја сметка, а од друга страна ќе овозможи правилно прикажување на околности кои можат влијаат врз видот и

висината на казната)

- Јавниот обвинител по чие барање се води кривична постапка уште во текот на истата активно да предлага донесување на времени мерки за обезбедување на имотноправното побарување со забрана за располагање и отуѓување на имот на обвинетиот и ставање забрана на сметките, како и активно да ги користи сите други законски можности во оваа смисла
- Согласноста на обвинетиот да го надомести имотноправното побарување и неговото фактичко надоместување во кривичната постапка да се смета како посебна олеснувачка околност (на овој начин ќе се стимулираат обвинетите да ги отстранат штетните последици од извршеното кривично дело)

- За полесно утврдување на висината на имотноправното побарување во кривичната постапка да се изготви водич во кој зависно од нанесените повреди и страдање (нивниот карактер, интензитет и траење) ќе се утврди и каков надомест и следува на жртвата (на овој начин би се извршило унификација при остварувањето/досудувањето на надоместот на штета и сите жртви би биле доведени во рамноправна положба)

- Да се инсистира на одлучување по однос на имотноправното побарување на жртвата на трговија со луѓе побарано во кривична постапка во која е изречена конфискација на имотна корист

- Жртвата на трговија со луѓе да биде ослободена од плаќање на судските такси, додека жртвите на трговија со луѓе кои се странски државјани да бидат ослободени од депонирање на средства на име судски трошоци при остварување на имотноправното побарување во граѓанска постапка

- Да се предвиди законска можност за членовите на семејството на жртвата на трговија со луѓе да бараат надомест на материјална и нематеријална штета во случај таа да почине или да стане физички или ментално неспособна како резултат на виктимизацијата (партнер, деца или други лица кои се издржуваат од жртвата на трговија со луѓе)

***Во однос на обесштетување од страна на државниот фонд ...***

- Неодложно донесување на Закон за државен фонд за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе и воспоставување на овој фонд со што ќе се овозможи остварување на правото на обесштетување во случај кога тоа не може да се наплати од страна на сторителот (ова особено се однесува на полнолетните жртви на трговија со луѓе)

- Остварувањето на имотноправното побарување од државниот фонд да се реализира преку директно поднесување на барање до фондот без претходна одлука на судот

имотноправното побарување да биде реализирано од овој фонд (практично со добивање на заклучокот од овластениот извршител дека имотноправното побарување жртвата на трговија со луѓе не може ни по присилен пат да го наплати од имотот на обвинетиот, жртвата веднаш да може да го оствари ова право од државниот фонд)

- Доколку жртвата-оштетената во рок од 6 месеци не успее да го наплати надоместот од обвинетиот досуден во било која од судските постапки, тогаш државниот фонд веднаш да може да го исплати досуденото барање за надомест на штета, ако не во целост, тогаш барем делумно (50%)

- Пропишување на услови за остварување на имотноправното побарување на жртвите од државниот фонд во согласност со условите предвидени со Конвенцијата на Советот на Европа за компензација на жртвите на насилен криминал и со Директивата 2004/80/ЕЦ која се однесува на надомест на жртвите на криминал (меѓугранична соработка во остварување на ова право)

- Темелно разгледување и анализа на фискалните импликации од воведување на Државниот фонд во насока на континуирано обезбедување на средства за обесштетување на жртвите на трговија со луѓе со цел непречено остварување на ова право (постојат повеќе начини/извори преку кои државниот фонд може непречено да се полни и сите тие треба да се разгледаат внимателно)

**АНЕКС**

**Преглед на компаративни законодавства за остварување на право на надомест на штета на земји членки на ЕУ**

**<u>Холандија</u>**

***Критериуми кои се однесуваат на опсегот на лица кои можат да го остварат правото на компензација***

Правото може да го оствари лице државјанин и секое лице кое престојува на територија на државите членки на ЕУ, а претрпело сериозни психички и физички повреди како резултат на кривично дело кое се случило на холандски брод или авион. Освен жртвата, и нејзините роднини може да се квалификуваат за остварување на правото на компензација во случај доколку жртвата почине како резултат на кривичното дело.

***Критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди***

Трговијата со луѓе влегува во опсегот на кривични дела за кои Фондот може да обезбеди компензација. Правото на компензација можат да го остварат лица кои претрпеле сериозни физички и психички повреди во Холандија, како резултат на кривично дело сторено со намера и насилство.
Заради соодветна исплата на компензацијата, фондот има развиено листа на повреди разделени во осум категории кои индицираат одреден износ на компензација соодветна на видот на нематеријалната штета, при што се прави дистинкција помеѓу физичките и психичките повреди.

***Критериуми за одредување на висина на надоместокот***

Исплата на надомест на штета се утврдува врз основа на она што е разумно и праведно. Максималниот износ на исплата е еквивалентен на последиците предизвикани од повреда или смрт. Исплатата на надоместокот на средства варира во зависност од видот на настанатите последици, како и од фактот на финансиските околности на оштетената странка, односно жртвата. Воедно, исплатата може да се одбие, односно износот да се намали доколку жртвата или нејзини роднини го предизвикале настанувањето на таквите трошоци.  Фондот за компензација обезбедува исплаќање на сума од максимум 10.000 ЕУР за нематеријална штета  и 25.000 ЕУР за материјална штета.

***Влијание на кривичната постапка и постоењето на  субјективна  одговорност***

За добивање на компензација од фондот, не е потребно лицето сторител да е осудено или пак да му е изречена казна. Ако се одбие обвинението или пак обвинетиот се ослободува од обвинението, постојат потешкотии да се добие компензација од страна на фондот, односно фондот може да одлучи дека барањето не е веродостојно.

***Постапка за остварување на правото на компензација***

Постапката за остварување на правото на компензација, како и во повеќето држави членки на ЕУ, се остварува преку водење на кривична, граѓанска постапка и постапка преку фонд за компензација на повреди од кривични дела. Една од позитивните карактеристики на кривичната постапка е можноста судот да определи подолга затворска казна доколку сторителот не го плати утврдениот надоместок, за што не е потребно посебно водење на судска постапка. Законот од 2010 година за јакнење на позицијата на жртвата на криминал, овозможува жртвата да побара претходна исплата на надоместокот од страна на државата ако сторителот е осуден и му е досудено да плати надомест на штета, како и кога сторителот нема да го плати надоместокот на штета во период од 8 месеци од моментот на досудената казна. Ова подразбира дека обврската за исплата на надоместокот се префрла од жртвата на државата[35]. Воедно од 2014 година, државата може да ги користи средствата на осомничениот додека трае истражната постапка со цел да превенира сокривање на средствата од страна на сторителот, пред да се одлучи за надоместокот на штета.

Апликацијата за надомест на штета пред фондот за компензација треба да биде придружена со докази како што се полициски извештаи, медицински извештаи, сметки од направени трошоци и др. Апликацијата треба да се поднесе во рок од три години по случувањето на кривичното дело, освен доколку не постојат сериозни причини жртвата да не го стори тоа. Одлуката за барањето за компензација ја донесува посебен Совет, тело кое е одговорно за управување со Фондот. Рокот за донесување на одлуката изнесува 4 месеци.

***Примена на принципот на субсидијарност***

Во Холандија се применува принципот на субсидијарност, односно во случај доколку штетата не може да се обезбеди на друг начин, во тој случај надоместокот на штета се компензира од страна на државниот фондот за компензација. Согласно член 6 од соодветниот закон, надомест на штета нема да се исплати од страна на фондот, во следниве случаи: кај штетите кои можат да се наплатат преку водење на граѓанска постапка и кај штети кај кои надоместокот може да се обезбеди во друг облик.

## Словенија [36]

***Критериуми кои се однесуваат на опсегот на лица кои можат да го остварат правото на компензација***

[35] Compensation of victims of trafficking under international and Dutch law, Marjan Wijers, 2014

[36] Pravo zrtve na kompenzaciju, достапно на: http://www.astra.org.rs/wp-content/uploads/2013/09/pravo-zrtve-na-kompenzaciju.pdf

Програмата за компензација во Р. Словенија предвидува формални услови кои треба да бидат исполнети за поднесување на барање за надомест на штета и тоа жртвата на кривично дело да е државјанин на Р. Словенија или пак државјанин на било која друга земја членка на ЕУ. Правото на надомест на штета, односно компензација може да го остварат и лицата кои биле издржувани од жртвата, доколку кривичното дело за последица има нејзина смрт. Националната  програма за компензација на жртви на кривични дела се финансира од буџетот на државата**.**

***Критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди***

Освен формалните услови, соодветниот закон предвидува постоење на материјални услови, и тоа подносителот да е жртва на насилно кривично дело сторено со умисла и за кое е предвидена казна затвор подолга од година дена и жртвата подносител да има претрпено телесни, здравствени повреди или страдање предизвикани како последица на кривично дело. Правото на паричен надоместок, односно компензација  се остварува во случаите кога како последица на кривичното дело постои: нанесување на физичка болка или нарушување на здравјето на жртвата;  страдање на жртвата; губење на средствата за издржување; медицински трошоци и трошоци за хоспитализација;  погребни трошоци; штета и уништување на предмети и имот, како и трошоци за поднесување на барање за надомест на штета.

***Критериуми за одредување на висината на надоместокот***

Законот за паричен надоместок на жртвите на насилен криминал предвидува различни критериуми за одредување на висината на надоместокот во однос на повеќе видови на последици од кривичното дело наведени претходно. Оттука надоместокот за физичка болка или нарушено здравје се одредува во однос на околностите под кои е нанесена болката, степенот и траењето на болката, како и принципот на правичен паричен надоместок и износот е од 50 до 10.000 ЕУР. Во однос на надоместокот за страдање, во зависност од околностите, степенот и траењето, предвиден е максимален износ до 10.000 ЕУР. Што се однесува до надоместокот за губење на средства за издржување, истиот се одредува под условите предвидени за семејна пензија и може да изнесува максимум до 20.000 ЕУР. Исто така законот предвидува и критериуми за добивање на надоместок за направени медицински трошоци и хоспитализација, погребни трошоци, трошоци за оштетување на лични предмети.

***Однесувањето на жртвата како фактор кои влијае на одлуката или износот на компензација***

При одредување на износот на надоместокот (компензацијата) се земаат во предвид и постапките на жртвата во моментот на извршување на кривичното тело, како и тоа дали жртвата влијаела на извршување на кривичното тело, како и степенот на нанесена штета.

*Влијание на кривичната постапка и постоењето на субјективна одговорност*

Жртвата има право на надомест на штета без оглед дали е познат сторителот на кривично дело и дали е поведена кривична постапка (член 7) . Во случаи доколку е покрената кривична постапка против сторителот на кривичното дело, жртвата може да поднесе имотно правно побарување и за тоа да ја извести Комисијата за компензација. Ваквата одредба укажува на можноста од паралелно водење на кривична постапка со административна постапка пред Комисијата за надомест на штета.

Надоместокот за физичка болка се одредува во зависност од околностите под кои е нанесена болката , степенот на болка како резултат на нанесената телесна повреда или нарушеното здравје, траење на болката и соодветно на принципот на праведна парична награда. Градацијата е на повеќе нивоа од незначително до екстремно сериозни кривични дела. Највисокиот износ на компензација во овие случаи изнесува до 10 000 ЕУР идентично со износот за компензација за страдање на жртвата. Паричниот надоместок во случај на губење на средства за издржување може да изнесува најмногу до 20.000 ЕУР.

*Постапка за остварување на правото на компензација*

Жртвата која поднесува барање за надомест на штета е ослободена од плаќање на трошоци и тоа за барањето за компензација, потребната документација и одлуките во постапката. Трошоците за превод и за стручните служби се на товар на буџетот на Р. Словенија. Барањето за надомест на штета се поднесува во рок од шест месеци од денот на извршување на кривичното дело. Кон барањето потребно е да се приложат докази за пријавата на делото во полиција, како и здравствена документација за претрпените телесни повреди, нарушено здравје или претрпено страдање. Воедно подносителот доставува и изјава дека истиот немал право да побара паричен надоместок од некое друго правно лице. Одлуката за надомест на штета Комисијата ја донесува во рок од 90 дена од денот на приемот на барањето. Против одлуката на комисијата не е дозвола жалба, туку единствено управен спор. Конечната одлука за одобрување на надоместок на штета се упатува до Државниот обвинител.

*Принцип на субсидијарност*

Еден од формалните услови кој може да претставува ограничувачки фактор при поднесување на барањето за компензација е одредбата според која компензацијата може да се реализира единствено доколку не е возможно да се поднесе барање за компензација врз основа на Законот за облигациони односи.

**Бугарија [37]**

[37] The right to compensation for victims of human trafficking in Bulgaria, COMP.ACT PROJECT, December 2011 достапно на:

***Критериуми кои се однесуваат на опсегот на лица кои можат да го остварат правото на компензација***

За правото на надоместок на штета може да аплицираат државјани на Р. Бугарија, но и жртви државјани на земја членка на ЕУ. Во случаи предвидени со закон, правото може да го остварат и странски државјани доколку тоа е предвидено со меѓународни договори кои ги има потпишано Р. Бугарија. Во случај на смрт која ќе настане како последица на кривичното дело, правото на компензација се пренесува од жртвата на нејзините деца, родители, брачен партнер или на лицето со кое жртвата живеела во заедница.

***Критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди***

Правото на компензација може да го остварат единствено жртвите кои претрпеле материјална штета како последица на извршеното кривично дело. Законот за компензација ги предвидува кривичните дела за кои може да се бара компензација од страна на жртвата, при што делото трговија со луѓе е опфатено во утврдената листа на кривични дела.

Законот предвидува и други облици на помош и поддршка на жртвите на кривични дела и тоа: обезбедување на медицински третман во итни случаи, психолошко советување, бесплатна правна помош, практична помош, како и еднократна парична помош. Ваквата помош и поддршка е предвидена за жртвите кои претрпеле материјална и нематеријална штета.

***Критериуми за одредување на висината на надоместокот***

Националниот совет за компензација одлучува за висината на паричниот надоместокот, кој може да изнесува од 125 до 2.500 ЕУР. Во случаите кога паричниот надоместок се обезбедува на деца, родители, партнер или лице со кое жртвата живеела во заедница вкупниот износ не може да ја премине границата од 5.000 ЕУР ( член 3, став 2). Законот не предвидува други дополнителни критериуми за одредување на надоместокот.

***Однесувањето на жртвата како фактор кои влијае на одлуката или износот на компензација***

Дополнителен критериум за да може жртвата да аплицира за правото на компензација е истата да не била осудувана за кривично дело во последните пет години пред

---

http://lastradainternational.org/lsidocs/Bulgaria%20%20The%20Right%20to%20Compensation%20for%20Victims%20of%20Human%20Trafficking%20in%20Bulgaria%20%282011%29.pdf

Thesis Compensation for trafficked person from state funds, December 2011, достапно на: http://lastradainternational.org/lsidocs/Thesis%20COMPENSATION%20FOR%20TRAFFICKED%20PERSONS%20FROM%20STATE%20FUNDS.pdf

аплицирањето. Воедно жртвата треба да го пријави кривичното дело до надлежните институции, освен доколку жртвата има веродостојна причина за непријавување. Доколку жртвата допринела кон извршување на кривичното дело, паричниот надоместок за компензација може да се намали.

***Влијание на кривичната постапка и постоењето на субјективна одговорност***

Компензацијата може да се обезбеди во случај доколку пресудата со која е утврдена вина кај сторителот стане правосилна, во случаите кои се процесираат во отсуство на обвинетиот, како и доколку се прекине кривичната постапка, при што една од причините е неможноста да се идентификува извршителот на кривичното дело ( чл. 12).

***Постапка за остварување на правото на компензација***

Постапката пред Фондот за компензација на жртви на кривични дела е регулирана со Законот за помош и финансиска компензација на жртвите од Јануари 2007 година. Средствата за обесштетување на жртвите Фондот ги обезбедува преку буџетот на Министерство за правда. Во рамки на истото министерство формирано е посебно тело односно Национален совет кој одлучува по барањата за компензација.

Жртвата која аплицира треба да приложи докази со кои ќе ја верификува настанатата материјална штета. Единствено материјалната штета која е директна последица од кривичното дело може да биде предмет на компензација. Имено, различни видови на материјална штета за кои може да се бара компензација се: медицинските трошоци, загубена заработувачка, погребални трошоци, трошоци за правни услуги и други материјални трошоци. Компензацијата за нематеријална штета може единствено да биде доделена од страна на судијата според принципот на праведност.

Апликацијата за компензација треба да биде испратена во период од два месеца по правосилноста на пресудата со кое лицето се осудува за виновно, или пресудата за прекин на постапката .

***Принцип на субсидијарност***

Државата ја исплаќа компензацијата доколку не постојат други начини за надоместување на штетата од страна на сторителот.

**Велика Британија [38]**

[38] Thesis Compensation for trafficked person from state funds, December 2011, достапно на: http://lastradainternational.org/lsidocs/Thesis%20COMPENSATION%20FOR%20TRAFFICKED%20PERSONS%20FROM%20STATE%20FUNDS.pdf; Toolkit on Compensation for Trafficked person, COMP.ACT Findings and Results of the European Action for Compensation for Trafficked Persons, Section three: Access to compensation , достапно на: http://www.lefoe.at/tl_files/lefoe/report%20final_COMP.ACT.pdf

Велика Британија има подолга историја во однос на воспоставување и функционирање на програма за компензација на жртви на криминал. Фондот за компензација е формиран 1964 година.

***Критериуми кои се однесуваат на опсег на лица кои можат да го остварат правото на компензација***

Освен државјаните на Велика Британија, право на надоместок може да оствари и жртва од било која друга националност.

***Критериуми кои се однесуваат на видот на кривичното дело и настанатите повреди***

Согласно на шемата на овој фонд, компензација се исплаќа на жртвите кои претрпеле физички или ментални повреди како резултат на насилен криминал. Максималниот износ кој може да се исплати преку фондот за компензација изнесува 290.000 ЕУР. Во случај кога постои и изгубена заработувачка, како и други трошоци, износот може да се зголеми дури до 580.000 ЕУР. Доколку жртвата бара компензација единствено во однос на сторена нематеријална штета, истата треба да демонстрира дека имала оправдан страв од нанесување на непосредна физичка повреда.

***Критериуми за одредување на висината на надоместокот***

Жртвите на тешки кривични дела поради кои како резултат на кривичното дело отсуствуваат од работа повеќе од месец дена примаат компензација во целосен износ, а пак оние жртви кои како резултат на кривичното дело не отсуствувале од работа повеќе од месец дена имаат право на лимитирани средства од страна на државниот фонд за компензација, врз основа на нивната финансиска состојба.

***Однесувањето на жртвата како фактор кои влијае на одлуката или износот на компензација***

Иако однесувањето на жртвата се зема во предвид при одлучувањето за компензацијата, сепак генерално гледано однесувањето пред, за време и по извршувањето на кривичното дело не може да биде во спротивност со соодветноста за одобрување на компензација. Доколку жртвата има криминално досие истото влијае дали и во кој износ ќе биде одобрено барањето на компензација. Жртвата апликант се очекува да помага на истражните органи во текот на постапките кои се водат за конкретното кривично дело.

***Влијание на кривичната постапка и постоењето на субјективна одговорност***

Не е задолжително постоење на пресуда во која сторителот е осуден. Жртвата апликант треба да обезбеди целосна асистенција на службите во текот на постапката. Асистенцијата вклучува и пријавување на кривичното дело во полиција во период од 48 часа и тоа помагање на полицијата во истражните дејствија, како и во текот на судската постапка.

***Постапка за остварување на правото на компензација***

Постои временско ограничување за поднесување на апликацијата за компензација кое изнесува две години од сторените повреди.

***Принцип на супсидијарност***

Принципот на супсидијарност не се користи во Велика Британија.

**Франција [39]**

Од 1980 година, Република Франција има имплементирано повеќе системи кои имаат за цел обезбедување на компензација на жртвите на криминал, независно од видот на кривичните дела. И покрај прогресивното развивање на системот за компензација Францускиот систем не е во целост кохерентен. Истиот го опфаќа водењето на кривична постапка, граѓанска постапка, водење на административна постапка за обесштетување од посебен државен фонд, при што некои од нив се испреплетени, а пак некои се користат како единствена алтернатива.

***Постапки за остварување на правото на надоместок на штета***

Во текстот што следи наведени се само оние судски/административни постапки кои беа релевантни за предметната анализа како и за формулирањето на конкретни препораки за унапредување на нашето законодавство во однос на компензација на жртви на трговија со луѓе.

***Кривична постапка придружена со граѓанска тужба***

Жртвите на кривични дела можат да обезбедат надоместок на материјална и нематеријална штета како резултат на сторено кривично дело и тоа во рамки на кривичната постапка во која се задолжува сторителот да ја надомести претрпената материјална и нематеријална штета. За да се одлучи за прашањето на компензација жртвата мора да приложи граѓанска тужба која се разгледува во кривичната постапка. За прашањето на

[39] Project Balkan Act Now!, ALC , CCEM :Policy paper on Compensation for Victims of Human Trafficking in France, 2014.

надоместок на штета се одлучува на крајот на кривичната постапка. Ваквите постапки се единствено ефективни кога е идентификуван сторителот на кривичното дело и истиот може да ја надомести материјалната и нематеријалната штета.

Имено, по донесувањето на позитивна пресуда со која е утврдена вина кај сторителот, се одлучува за надоместокот на штета. Судот го задолжува сторителот да ја плати утврдената висина на надоместокот на штета, имајќи во предвид и други фактори, како што се принципот на правичен надомест и финансиската состојба на обвинетиот.

Постојат повеќе мерки достапни на судиите преку кои се обезбедува исплата на надомест на материјална и нематеријална штета. Првата мерка може да се примени и за време на подготвителната фаза пред донесувањето на судската пресуда и кога постои ризик да обвинетиот ја избегне правдата, како и кога постои ризик за безбедноста на други лица и предмети. Имено, со цел да обезбеди гаранција за сигурна исплата на надоместокот на штета, судијата бара од обвинетиот да на жртвата и плати депозит се до донесување на конечната кривична пресуда. Платениот депозит има две цели, да го гарантира идното присуство на обвинетиот во судот и да го гарантира плаќањето на компензација на жртвата на трговија со луѓе. Судот може да нареди исплата на депозитот на жртвата, само доколку тоа соодветствува на барањето на жртвата и доколку постои согласност од сторителот. Праксата за плаќање на депозит на жртвата, најчесто се користи во случаите на трговија со луѓе заради сексуална експлоатација, посебно кога делото има елементи на организиран криминал.

Втората мерка за исплата на надоместокот на штета на жртви на трговија со луѓе се користи по изрекувањето на осудителна пресуда за сторителот на делото недозволена трговија со луѓе. Имено, судијата е тој кој е одговорен да го надгледува почитувањето на пресудата, односно исплатата на надоместот на штета на жртвата. Доколку сторителот го плати утврдениот износ, овој факт во голема мера влијае на други правни одлуки кои се поврзани со случајот (пр. во однос на неговото барање да се намали или суспендира законската казна).

***Административна постапка за остварување на правото на компензација преку државен фонд односно Комисија за компензација на жртви* (CIVI)**

**(CIVI)** системот е мошне сличен на постапка пред граѓански суд. Имено, жртвите можат да се обратат само до овој систем заради исплата на надоместок на штета, или пак истиот можат да го користат како надополнување на тековна кривична или граѓанска постапка. Имено, истиот може да се иницира независно од кривичната постапка и фактот дали сторителот на кривичното дело е идентификуван или не. Системот дава можност на жртвата која ги исполнува горенаведените критериуми да бара надомест на штета од сторителот и тоа кога неговиот идентитет е непознат, кога е недостапен, несолвентен, или доколку жртвата сака да избегне директна конфронтација со сторителот.

Правото на компензација преку CIVI (Комисија за компензација на жртви) може да го остварат жртви кои се државјани на Р. Франција, државјани на земји членки на ЕУ и странци кои легално престојуваат на територија на Р. Франција доколку делото е сторено во Франција. Во 2013 година оваа одредба е надополнета со што право на компензација може да бараат и жртви кои се нелегални мигранти во Франција. Жртвата може да бара надомест на штета доколку како резултат на стореното кривичното дело настанала смрт, постојана неспособност или целосна неспособност за работа повеќе од еден месец. Недозволената трговија со луѓе е на листата на кривични дела за кои е можно жртвата да поднесе апликација до CIVI. Позитивната карактеристика на овој систем е тоа што доколку сторителот го извршил делото трговија со луѓе, жртвата не треба да докажува дека нејзината штета е со сериозни размери.

Побараниот износ на надомест на штета од жртвата може да биде одбиен или намален ако жртвата има вина, односно на било кој начин допринела кон извршувањето на кривичното дело.

Барањето за компензација може да се поднесе во рок од три години по стореното кривично дело или една година по последната донесена судска пресуда. Барањето треба да биде поткрепено со докази за настанатите повреди.

В) Дополнителен систем за компензација на жртви (SARVI),
Во 2008 година во Франција се воведува дополнителен систем (SARVI), кој е достапен на сите жртви кои можат да се повикаат на финална пресуда со која е утврдена обврска за исплата на надомест на штета. (SARVI) системот го надополнува (CIVI) системот. Ново воведениот (SARVI) систем може да се користи ако жртвата апликант не примила компензација за која е одлучено во кривична постапка во рок од една година од финалната одлука на судот или во рок од една година од одлуката за недопуштеност на CIVI. Системот е одговорен за ефектуирање на судска одлука за надомест на штета, при што истиот обезбедува авансирано плаќање на жртвата, но најповеќе до висина од 3000 ЕУР. Оваа исплата е независна од износот кој треба да се наплати од сторителот. Што се однесува до останатиот износ, (SARVI) е должен да го контактира сторителот и доколку е можно вон судски да договорат исплата на надоместокот на штета во целост. Недостатокот на овој систем е што преку истиот жртвата може да наплати само дел (до 3000 ЕУР) од своето оштетно побарување, како и фактот дека системот не може да разгледува и утврдува статус на солвентност на сторителот.